МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

Трговија со луѓе и криумчарењето на мигранти како посебен облик на организиран криминал со кој се соочува општеството во Република Северна Македонија

СТУДЕНТ: СЛАВЧЕ ГЕНЕВ

БРОЈ НА ИНДЕКС:

МЕНТОР:ПРОФ.Д-Р ВАСКО СТАМЕВСКИ

Свети Николе, 2024

А П С Т Р А К Т

Борбата против транснационалниот организииран криминал налага напредни стратегии врз основа на докази, кои се базираат на меѓународни рамки.

Поимот криминал е латински збор кој значи злосторство. Активностите кои се проследени со криминалитет се проследени со закон.

Организираниот криминал, претставува посебен облик на професионален криминал кој е реална закана за понатамошен развој на сите сфери на општеството. Организираниот криминал претставува извршување на кривични дела кои се казниви по закон од страна на злосторнички здруженија заради остварување на профит или пак со употреба на насилство или користење на посебна положба во општеството со однапред создаден систем на заштита на гонење.

Како една од најосетливите теми кои спаѓаат во криминално дејствие е и трговијта со дрога и луѓе. Трговијата со луѓе, исто така, позната како модерно ропство, доби значителен акцент во текот на последните децении. Глобализацијата и модернизацијата како и транснационалните миграциски трендови продолжуваат да ги засилуваат и градат економските разлики и да ја зголемуваат ранливоста на населението. Трговијата не е само кривично дело, таа е многу повеќе од тоа, таа е организиран криминал, кршење на основните човекови права, негирање на човекот како битие, модерно ропство.

Според толкувањето од страна на Протоколите, трговијата со луѓе вклучува транспорт на луѓе со и за цел на трудова и сексуална експлоатација. Протоколите и мерките вклучуваат три главни цели во својата содржина и тоа:

-спречување и борба против трговијата со луѓе,

-заштита и помош на жртвите, и

-унапредување на соработката помеѓу државите.

Се ова има за цел да се воспостават и спроведат дефинициите донесени од страна на законодавството на земјите – членки, како и заштита и помош на жртвите во трговијата со луѓе.

Клучни зборови: Организиран криминал, трговија со луѓе, Протоколи, мерки, заштита

A B S T R A C T

The constant battle against transnational organized crime demands more sophisticated strategies based on proofs that are internationally recognized.

The therm crime is a latin word that means bad beahviour or something mean. The activities that are followed by criminal are also followed by the law.

Organized crime is a special form of professional crime which is a real treat to the future devolpement of every part of the society. The organized crime actualy are all the crimes that are provided by law that can be done by a group of people that are using their superiority or position in the society in order get some benefits, mostly material profit and goods.

One of the most sensitive forms of the organized crime is human trafficking. Human trafficking also known as modern slavery has significantly increased in the last decades. The globalization and modernization as well as transnational migration are making a huge economical differencess and are producing very bad inpact on the peoples lives. Human trafficking is not only a crime, its far beyond that. It is an organized crime, it's a violation of the human rights, not recognisation of the human as a being, it's a modern slavery.

According to the Protocols, human trafficking includes transport of human beings including labour and sexual exploitation. The Protocols and the measures have three main aims in their content:

- Preventing and combating human trafficking
- Protection and help to the victims
- Devolopement of the collaboration between the countries.

All of this has final purpouse to set and implement definitions enacted by the legislation of the member statesw, as well as protection and help to the victims of human trafficking.

Key words: organized crime, human trafficking, Protocols, measures, protection

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ 2
ABSTRACT 3
Листа на слики и табели.....7
ВОВЕД 8
1. Предметна и целна рамка на истражувањето 8
2. Методолошки пристап 9
ГЛАВА 1 ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ
1.1 Дефинирање на организираниот криминал.....12
1.1.1 Поим и диференцирање на кривично дело криумчарење на мигранти...13
1.1.2 Дефинирање и поимно определување на трговија со луѓе..... 15
1.2 Разлика, разграничување помеѓу криумчарење на мигранти и трговија со луѓе 19
1.2.1 Карактеристики и компоненти на криумчарење со мигранти.....21
1.2.2 Карактеристики и компоненти на трговијата со луѓе.....22
1.3 Карактеристики на криумчарење со мигранти 22
1.3.1 Карактеристики и компоненти на трговијата со луѓе 23
ГЛАВА 2 ЕТИОЛОГИЈА НА ТРГОВИЈТА СО ЛУЃЕ И ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ
2.1 Поим и етиологија 24

2.2 Етиологијата или етиолошката анализа односно карактеристика на трговијата со луѓе и организираниот криминал во Република Северна Македонија....25

2.3 Причинители за појавување на трговија со луѓе 26

2.3.1 Субјективни фактори за појава на трговија со луѓе 27

2.3.2 Објективни фактори за појава на трговија со луѓе 29

ГЛАВА 3 ФЕНОМЕНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНО ДЕЛО КРИУМЧАРЕЊЕ НА МИГРАНТИ

3.1 Поим на криминална феноменологија и нејзин осврт на феноменологијата на криумчарење на мигранти 30

3.2 Содржина на Кривично дело на криумчарење на мигранти 31

3.3 Сторители на кривични дела.....32

3.3.1 Пријавени сторители 32

3.3.2 Обвинети сторители 33

3.3.3 Осудени сторители 33

3.4 КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТОРИТЕЛИТЕ 34

3..4.1 Пол 34

3.4.2 Возраст 35

3.4.3 Национална припадност 35

3.4.4 Образование 36

3.5 КАЗНЕНА ПОЛИТИКА НА СТОРИТЕЛИТЕ 36
3.6 Случаи од практика во Република Северна Македонија 38
ГЛАВА 4 ПРАВНА РАМКА НА УРЕДУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ
4.1 Домашни извори за уредување на трговија со луѓе и криумчарење мигранти 42
4.2 Кривичен законик 43
4.3 Закон за гранична контрола 45
4.4 Закон за странците 46
4.5 Меѓународни извори за уредување на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти 48
4.6 Документи на Организација на Обединетите Нации 49
4.6.1 Конвенција на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал 50
4.6.2 Протокол на Обединетите Нации за криумчарење мигранти 51
4.6.3 Протокол на Обединетите Нации за трговија со луѓе 52
4.7 Регионални документи за уредување на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти 55
4.8 Домашни документи за уредување на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти 57
ГЛАВА 5 ПРЕВЕНЦИЈА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И СУЗБИВАЊЕ НА КРИУМЧАРЕЊЕТО СО МИГРАНТИ
5.1 Мерки и стратегија за превенција на трговија со луѓе и криумчарење мигранти 58
5.2 Меѓународна соработка во спречување на трговија со луѓе и криумчарење мигранти 60
ГЛАВА 6 ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 63

6.1 Постапка за идентификација на жртви на трговија со луѓе 66
ГЛАВА 7 ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 70
7.1 Жртви на трговија со луѓе 70
7.2 Заштита на жртвите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија.....73
7.3 Обезбедување правна помош на жртвата.....77
7.4 Посебен начин на испитување на сведокот во рамките на кривичната постапка.....82
7.5 ПРЕДИЗВИЦИ И ДОБРИ ПРАКТИКИ.....83
7.5.1 Предизвици со кои се соочуваат државните органи.....83
7.5.2 Недостаток од обезбедувачи на социјални услуги.....85
7.5.3 Неможност за спроведување на статутарните заштитни мерки на работните места.....85
7.5.4 Недостаток од координираност за спроведување на работничките права.....86
7.6 Добри практики.....87
7.6.1 Спроведување на работничките закони.....87
7.7 Судско гонење на нелегалните трговци со луѓе.....88

ЗАКЛУЧОК 89

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 94

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Автопат Е75 – рута која е често користена за илегална миграција.....14

Слика 2: Сличности и разлики помеѓу кривичните дела трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.....19

Слика 3: Организиран криминал како транснационален систем 56

Слика 4 Процес низ кој поминуваат жртвите на трговија со луѓе.....72

Слика 5 Индикатори за идентификација на жртвите на трговија со луѓе.....74

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Активности кои се превземаат во процесот на трговија со луѓе, средствата кои ги употребуваат трговците со луѓе и целта која ја имаат трговците во процесот на трговија со луѓе.....18

Табела 2: Матрица со дефиниции.....20

Табела 3: Разлики помеѓу кривичните дела трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.....21

Табела 4: Застапеност на кривчно дело криумчарење на мигранти според возраста....38

Табела 5 Пријавени сторители за кривично дело криумчарење на мигранти од 2013-2016 година.....40

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

РСМ - Република Северна Македонија

ОН - Обединети Нации

КЗ - Кривичен Законик

ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка на Европа

СД - Стејдепартмент

ВОВЕД

Системот на Национална безбедност се стреми кон одржување на стабилноста на земјата со користење на економски, дипломатски безбедносни и политички средства. Заканите по безбедноста на земјата опфаќаат не само класични непријатели, туку тие можат да бидат и недржавни актери. Безбедноста на земјата е предуслов за нејзин развој. Конфликтите не само што ја уништуваат целокупната инфраструктура, тие исто така водат кон пораст на стапките на криминалитет во општеството.

Општествено – економските промени кои се поврзани со глобализацијата и неолоиберализмот капитализам, нестабилноста на социјалниот статус и сеопштата несигурност, постојат во сите современи земји и општествени сфери. Како последица на тоа, современите опптества се соочуваат со рецесија, пораст на невработеноста и сиромаштијата, како и со експанзија на иррегуларните и илегалните пазари како и инкорпорација на нерофмални облици на функционирање.

Денес во светот бројот на оние кои можат да си го дозволат т.н луксузот, слободно да си го изберат работното место и да си го подобрат начинот на живот е се помал, а за разлика од нив се поголем е бројот на оние кои поради се помалиот број на работни места се принудени да прифатат било какви опции и понуди се со цел да си го подобрат материјалниот статус. Тие во голем број случаи се подготвени и спремни да ризикуваат вклучувајки се, од човековиот сегмент со што си ја ризкикуваат сопствената безбедност.

Ваквите потреби на оваа категорија на луѓе е злоупотребена од страна на одредени организации и криминални групи или пак индивидуи (кои секако не се исклучува нивното присуство во овој сегмент) кои на нелегален начин ги искористуваат за добивање на поголем профит.

Една од дејностите со кои се занимаваат ваквите групи е и трговијат со луѓе. Преку ваквиот вид на криминал, овие организации ги користат луѓето како средство за подобрување на сопствениот статус.

Трговијата со луѓе е сериозен проблем за многу Влади во повеќе држави кои се справуваат со овој феномен во однос на негово решавање со што се преземаат голем број на активноси (тимски и мултидисциплинирано), што претставува единствен правилен пристап во реализација на заедничките цели за заштита и превенција и елиминирање на трговијата со луѓе.

Република Северна Македонија иако како самостојна Република постои од 1991 година, во временскиот период од 1999 година до 2002 година бележи период во кој во историјта се запишани голем број на етнички проблеми кои во 2001 година регулираат и со конфликт помеѓу македонското и албанското население кои живеаа на територијата на Републиката.

Република Северна Македонија создаде широка правна рамка за борба против трговија со луѓе но сеуште не ги исполнува во целост минималните стандарди за елиминирање на трговијата со луѓе, но вложува значителни напори за да го постигне тоа, соодветно развиена и е во целосна согласност со европското законодавство и меѓународните стандарди. И покрај документарното влијание на пандемијата на КОВИД-19 врз нејзиниот капацтет за борба против трговијата со луѓе, властите покажаа генерално зголемени напори во споредба со периодот што беше предмет на претходниот податок изваден од извештајот од претходните години. Оттука Република Северна Македонија останува на она ниво кое вклучува осудителни пресуда за трговија со луѓе и изрекување значителни казни за повеќе лица. Властите

идентификуваат повеќе жртви и ги подигнаа вкупните мерки за превенција, вклучително и подготовка на Национална стратегија и Национален акциски план за 2021-2025 година и одржување на редовни виртуални состаноци на координативните тела. И покрај напредокот на Републиката во зајакнување на владеењето на правото, безбедноста и институционалните реформи, трговијата со луѓе останува најголема форма на организиран криминал и претставува закана по безбедноста и стабилноста на Република Северна Македонија, која моментално преставува земја на потекло, тразнит и земја на дестинација. Трговијата со луѓе, исто така, претставува една од најлошите форми на кршење на човековите слободи и права, загрозувајќи ги животите на стотици лица на секаде на светот.

Свртувањето кон домашната борба против транснационалниот организиран криминалитет и корупцијата, како и активностите на националните тела во оваа насока, треба да се разгледува низ призмата на поголемото добро. Преку нивната анализа, истовремено со нејзино компарирање, регионално и меѓународно, најдобро можеме да создадеме конструктивна правна критика за натамошно поефективна и навремена борба во однос со организираниот криминал.

Анализите на системите за безбедност на земјите на балканот е комплексен процес од причина што нивното функционирање е значаен сегмент во севкупното општествено делување и функционирање на државите. Во контекст на досегашните истражувања може да се нагласи дека е евидентен недостаток на литература во оваа област. Тоа значи дека ова истражување ќе биде во насока на анализата на состојбите во оваа сфета и особено самата координација која е императив и предизвик за голем број држави од регионот во кој егзистира и нашата држава.

За ефикасно да се совлада трговијата со луѓе потребно е помагање и подршка помеѓу државите во регионот и пошироко. Се надевам дек целите и стратегиите кои се донесени и нивна мултидимензионалност ќе овозможат да се извршуваат активности кои ќе помогнат при намалување на трендот и спречување на трговијата со луѓе, кримчарењето со мигранти како и сите оние облици кои само го олеснуваат постоењето на овој криминален феномен, со што ќе ја направи самата цел остварлива.

Ефектите од организираниот криминал се чуствуваат насека низ светот, еродирајки го владеењето, инфилтрирајки се во политичките процеси, потикнувајќи корупција насилство, експлоатирајки ги ранливите групи, претставувајќи растечка закана по животната средина. Глобалната поврзаност стана канал за организираните

криминални групи да работат како високо способни трговски мрежи со ефикасни синџири за снабдување, пристап до нови пазари, експертиза и капацитет за перење назаконски профили во невидени размери, всушност, повеќе форми на организираниот криминал сега вклучува прекугранични активности, врски или односи.

Проценката на закани е изработена врз основа на методологија подготвена од страна на работниот тим, а се базира врз Методологијата за изработка на Проценката на закани од сериозен и организиран Криминал (SOCTA) од 2012 година, развиена од страна на ЕВРОПОЛ. При изработката на проценката, работниот тим во соработка со нарачателот ги одреди границите на проценката и областите на криминал кои се предмет на анализата. За истите е изработен концептуален модел, по што е изготвен план за собирање информации во кој се идентификувани сите извори од кои ќе се собираат информациите. Информациите се собрани врз основа на Прашалници коишто беа претходно изработени и доставени до институциите и организациите. При проценка на собраните информациите е користена методологијата на проценка на информациите утврдена со Упатството за проценување на информации собрани за разузнавачки цели. За секоја област на криминал беа собрани информациите согласно индикаторите кои се дефинирани во методологијата и тоа: Организирани криминални групи-индикатори, индикатори во области на сериозен и организиран криминал и Ефектиндикатори. Обработката и анализата на собраните информации е направена со методолошки пристап и опфатени се и криминалистичко релевантните фактори овозможувачи на криминалот. Извршено е и скенирање на околината преку собирање на фактички и субјективни информации за околината во која оперира агенцијата за спроведување на законот. Врз основа на анализираните информации, за секоја област на криминал поединечно, изведени се хипотези кои претставуваат идни можни случувања за сериозниот и организираниот криминал. Покрај тоа, согласно со SMART моделот се подготвени и препораки: специфични, мерливи, реални и временски релевантни. Рангирањето на криминалните групи е извршено согласно методологијата воспоставена во Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи во Бирото за јавна безбедност. Крим-нет е процес кој е развиен со цел да се идентификуваат, оценуваат, управуваат и разгледуваат криминалните групи кои делуваат во Македонија.

ГЛАВА 1 ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

1.1 Дефинирање на организираниот криминал

Поимот криминал е латински збор, кој значи злосторство. Активностите проследени со криминалитет се дејствија забранети со закон.

Организираниот криминал претставува посебен облик на професионален криминал кој е реална закана на сите сфери на општеството. Организираниот криминал претставува извршување на кривични дела кои се казниви по закон од страна на злосторнички групи и здруженија зааради остварување на профит или пк со употреба на насилство или користење на посебна положба во општеството со однапред создаден посебен систем на заштита од гонење. Дефинициите на криминалот варираат од место на место во согласност со културните норми и

обичаи, но може општо да се класифицираат во криминалитет на работничката класа или на белите јаки.

Покрај обидите за градење пристап за афирмирање на човековите права Република Северна Македонија е во борба против традиционалниот организиран криминал. Истата ги прифати сите релевантни документи од Обединетите Нации, Европската Унија, Советот на Европа и Пактот за Стабилност.

Криминалните групи регрутираат и транспортираат жртви од една во друга држава, каде како потенцијални жртви најчесто се јавуваат жените и децата т.е малолетните деца. Важно во овој дел е да се потенцира дека профилот на лицата не е секогаш исти, односно да се земе во предвид дека жртвата на трговијата со луѓе не е криминалец, неопходно е кон истата да се пристапи со одмерен пристап и истата да биде третирана согласно ратификуваните закони.

Во случаите кога постои индикации кои врз основа на добиените оперативни информации укажуваат дека може да станува збор за Кривично дело, согласно Кривичниот Законик на Република Северна Македонија. За истото се изработува оперативен план со цел прибирање на докази и дополнителни информации за сторителот како и жртвите на Кривичното дело.

Откривањето и расфетлувањето на Кривичните дела го вршат овластени службени лица (од структурите на Министерството за Внатрешни работи), кои по запознавањето на Јавниот обинител, постапуваат согласно неговите иинструкции и насоки, во рамките на своите овластувања. Овластените службени лица од структурите на Министерството за внтрешни работи постапуваат согласно Правилникот за вршење на полициски работи, како и кривичниот законик на Република Северна Македонија. Еден од најдискутираните и контравезни поими во казнено поправната мисла е да се набљудува во меѓународната или националната рамка на државите претставува поимот организиран криминал. Меѓутоа постојат и различни мислења дали воопшто е возможно, односно дали воопшто треба да се бара прецизна дефиниција на истиот или пак неговото определување треба да се врши преку неговите појавни облици. Неговата сложеност го забавува односно го оневозможува вопоставувањето на согласноста дури ни за појавите и облиците ниту пак ни за елементите кои што овој поим ги опфаќа и ги содржи во себе.

1.1.1 Поим и диференцирање на кривично дело криумчарење на мигранти

Поимот криумчарење на мигранти подразбира различни видови на илегална миграција воспоставени определени специјализирани криминални групи и криминалци. Криумчарењето овозможува олеснет влез во држава, вработување на илегални мигранти, избегнување на секаков вид на контрола, фалсификување и прикривност. Овозможување на едно лице во држава во кое нема постојано живеалиште не е државјанин на државата имајќи за цел индиректно стекнување на финансиска или друг вид на материјална корист.

Кривичното дело Криумчарење на мигранти претставува секое дејствие со кое едно или повеќе лица со сила или сериозна закана дека ќе нападне по животот и телото, со грабнување, измама од користољубие, со злоупотреба на својта службена положба или со искоритување на немоќта на друг, илегално пренесува мигранти преку државната граница, а за сторител на истото дело се смета и лицето кое со таа намера прави, набавува или поседува лажна патна исправа.

Во последниве неколку години во светски рамки, па и во Република Северна Македонија е актуелна темата со мигрантите кои во се поголем број мигрираат во различни држави во светот најчесто поради војните кои се зафатени во тие подрачја или од економски аспект. Најчесто користена рута на движење при криумчарење на мигранти се претпоставува дека е автопатот Е75 (дел од мрежата меѓународни европски патишта Е – патишта серија главни патишта низ Европа) кој води од Гевгелија на југ па се до Скопје на север, од каде преку територијата на Србија продолжуваат кон својата дестинација.





Слика 1 Автопат Е75 – рута која е често користена за илегална миграција

Криминалните групи од овој тип, најчесто се добро организирани, вимателни и секогаш пред своето постапување ги проверуваат безбедноста и условите со кои можат да се сретнат на предрвидената рута на движење, односно речиси никогаш не може да се врши криумчарење на мигранти самостојно. Така според ова секогаш кога станува збор за кривичното дело криумчарење на мигранти станува збор и за организиран криминал под кое се вбројува и трговијата со луѓе.

1.1.2 Дефинирање и поимно определување на трговија со луѓе

Трговијата претставува стопанска активност на размена на добра и купопродажба, сите облици на трговија се регулирани со правни прописи, а нивните

повреди (зависно од тежината) повлекуваат одреден степен на одговорност на прекршителите. Најтешки облици на деликти, (Мијалковић.С "појмовно разграничење трговине луѓдима других сличних појава и терминолошких концепата", Безбедност, бр.1, стр,52-53,13), недозволена трговија се трговија со бело робје, трговија со оружје и опојни дроги.[1]

Трговијата со луѓе претставува еден глобален национален и интернационален проблем како модел на современо ропство на човекот, со кој се повредуваат и нарушуваат основните човекови слобода и права и човековиот дигнитет. Ваквиот вид на криминалитет не бира место, начин и жртва. Кривичното дело трговиија со луѓе претставува слично дело со криумчарењто на миграни, меѓутоа при ова дело со употреба на својата надмоќ или способност се злоупотребува својата супериорност со цел користење на немоќното лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација и слично.

Оваа појава, трговија со луѓе на просторот на нашата земја во значење и обем кој денес го има е причина за непостоење не само на систематизирано научно знаење за овој безбедносен проблем, туку и за непрецизноста на негов единствен назив.

Треба да се знае дека Република Северна Македнонија не се бројува меѓу змјите со потекло на жртви од Кривичното дело трговија со луѓе, меѓутоа не треба ни да се елиминира можноста да стане таква држава со оглед на факторите во кои се наоѓа.

Една од групите кои спаѓаат во Организираниот криминал е и трговијата со луѓе или бело робје. Овој назив се користи затоа што во научната и стручната литература нема единствен назив за оваа појава. Така, можат да се воочат термините бело робје, трговија со човечки суштества, трговија со луѓе, криумчарење на луѓе, криумчарење на жени и деца и слично. Република Северна Македонија е во географски регион во кој е присутна трговијата со луѓе. Ова не е случај и со кривичното дело криумчарење на мигранти, особено во периодот на 2015/2016 година кога на подрачје на Република Северна Македонија транзитираа голем број на мигранти, упатени кон земјите на Западна Европа. Во овој временски период значително е зголемен криминалитетот од овој вид на подрачјето на Републиката, особено поради големиот број на мигранти кои доаѓаат од блискиот исток, а за транзитирање низ територијата беа спремни да понудат високи суми на парични

[1] Бошковић, М. "Криминолошки лексикон", Матица српска, Нови Сад, 1999, стр. 359-360

средства. Ваквата ситуација секогаш будно ја следат криминалните групи и истите ја користат секогаш за стекнување со профит. Во Република Северна Македонија континуирани се настојувањата да се следат и имплементираат меѓународните норми во оваа област. Република Северна Македонија ги има ратификувано најважните мултилатерални договори за борба против криминалот и постојано се следат и имплементираат меѓународните норми во оваа област.

Република Северна Македонија преку Министерството за внатрешни работи и Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, за прв пат во 2021 година се приклучи кон кампањата таканаречена Сино срце, подржувајќи ја глобалната кампања наменета за борба против трговија со луѓе на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал. Оваа кампања е водена под мотото, борбата против трговијата со луѓе е наша заедничка одговорност. Секој има одговорност да преземе акција и да се осигура дека маката на жртвите нема да остане незабележана.

Кампањата на светскиот ден против трговијата со луѓе 2023 година има за цел да ја постигне свеста на вознемирувачките случувања и трендови, и ги повикува владите, органите за спроведување на законот, јавните служби и граѓанското општество, да ги подобрат нивните напори за зајакнување на превенцијата, идентификување и поддршка на жртвите и да се стави крај на неказнивоста. Глобалните кризи, конфликтите и климатските промени ги зголемуваат ризиците од трговија со луѓе. Оние кој немаат правен статус, живеат во сиромаштија, имаат ограничен пристап до образование, здравствена заштита или пристојна работа, се соочуваат со дискриминација, насилство или злоупотреба или доаѓаат од маргинилизирана средина или заедница, често се примарна цел на трговијата со луѓе како и на трговците.

Пораката која што ја праќа оваа кампања е во насока на подобрување на напорите за имплементација на Протколот на трговија со луѓе кон Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, вклучително и преку зајакнување на националните рамки за идентификација и заштита на жртвите на трговија со луѓе, особено за време на кризи.

Трговијата со луѓе е комплексен, општествен, повеќедимензионален, криминален и социјален проблем, со кој се кршат основните човекови права и слободи на човекот како единка посебно на жртвите на трговија со луѓе, затоа потребно е да се посвети поголемо внимание, од страна на сите

институции/организации во идентификација и решавање на проблемот на национално, регионално и меѓународно ниво, бидејќи сигурноста на граѓаните е една од фундаменталните потреби и права и интегрален дел на квалитетно живеење.

Дефиницијата на трговијата со луѓе[2], може да се подели во три главни групи на елементи според кривичното дело , кои се однесуваат на **активностите** кои се превземаат во процесот на трговија со луѓе, **средствата** кои ги употребуваат трговците со луѓе и **целта** која ја имаат трговците во процесот на трговија со луѓе.

Сите три елементи мора да бидат присутни и меѓусебно поврзани за да постои трговија со луѓе (исклучок се децата).

Активности	Со помош на	Средства	За цели на	Експлоатација
• регрутирање, • врбување, • превезување, • пренесување, • прифаќање, • засолнување, • купување/продавање на жртвите на трговија со луѓе.		• закана по личен живот и живот на семејство, • принуда, • грабнување, • лага, • измама (делумна или целосна), • залажување, • употреба на сила, • злоупотреба на позиција, • давање или примање на пари, • состојбата на бременост, • немоќ/ранливост • физичка или ментална неспособност,		• сите форми на сексуална експлоатација, • порнографија, • принудна работа или слугување, • ропство, практики слични на ропство, • присилни бракови, • присилна фертилизација, • незаконито посвојување, • питачење, • вршење на ситен криминал и • недозволено пресадување

Табела 1 Активности кои се превземаат во процесот на трговија со луѓе, средствата кои ги употребуваат трговците со луѓе и целта која ја имаат трговците во процесот на трговија со луѓе.

Потреба од изработка на индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе е присутна, иако постојат пракси, идентификацијата на жртвите на трговија

[2] Согласно со Палермо протоколот и Европската конвенција за борба против трговија со луѓе.

со луѓе да ја вршат задолжени и обучени стручни лица од институциите и здруженијата на граѓани.

Практична имплементација на јасни и оперативни индикатори како помошна алка во квалитетна и навремена идентификација на жртвите, ќе овозможи помош во откривање на кривичните дела, адеквантна и ефикасна кривична постапка, соодветно упатување, добивање на навремена помош и секако поддршка на жртвите и нивно вклучување во процесот на реинкарнација.

1.2 Разлика, разграничување помеѓу криумчарење на мигранти и трговија со луѓе

Еден многу важен момент кој многу често во јавноста предизвикува чуство на збунетост е диференцирање или дефинирање односно разграничување на кривичното дело Криумчарење на мигранти и трговија со луѓе.

Меѓутоа, треба да се забележи дека во практика, разграничувањето меѓу трговијата со луѓе и криумчарење со мигранти не е секогаш лесно да се утврди и да се води. На пример, многу тргувани лица (мажи како и жени) го почнуваат своето патување како криумчарени мигранти, склучувајки договор со поединец или спомнатата криминална група да им помогне во илегалното движење како возвратна финансиска корист. Во класична ситуација односот помеѓу мигрантот и криумчарот е доброволен, меѓутоа некои криумчарени мигранти се присилени да го продолжат овој однос за да ги исплатат големите патни трошоци.



Слика 2 Сличности и разлики помеѓу кривичните дела трговија со луѓе и криумчарење на мигранти

При истражувањето на случаите на трговија со луѓе, понекогаш може да биде неопходно да се наслониме на мерките против криумчарењето. Сепак, од суштинска важност е тие што ги истражуваат случаите на криумчарење да бидат запознаени со кривичното дело трговија со луѓе, бидејќи последиците од третирањето на случај на трговија како случај на криумчарење можат да бидат застрашувачки за жртвата.

При извршување на редовни полициски активности и контроли, како што се увид на место на настанот, кои не се директно поврзани со трговија со луѓе, (кражби, сообраќајни несреќи, пријави за нарушување на јавниот ред и мир, итн), или редовни гранични или сообраќајни контроли, претставуваат можност за рано откривање на случаеви на трговија со луѓе. Редовните гранични или сообраќајни контроли, како и рутинските полициски активности, исто така претставуваат можности за идентификување на криумчарење на мигранти.

МАТРИЦА СО ДЕФИНИЦИИ

	Трговија со луѓе (возрасни)	**Трговија со луѓе (деца)**	**Криумчарење мигранти**
Возраст на жртвата:	Над 18	Под 18	Ирелевантно
Ментален елемент	Намера	Намера	Намера
Материјален елемент:	□ Акт □ Средства □ Експлоатативна цел	□ Акт □ Експлоатативна цел	□ Акт: Обезбедување *нелегален* влез □ Цел: за финансиска или друга материјална корист
Согласност на тргуваното или криумчареното лице:	Ирелевантно, откако ќе се утврдат средствата.	Ирелевантно. Средствата не мора да се утврдуваат.	Криумчареното лице е согласно на криумчарењето
Транснационалност	Не се бара	Не се бара	Се бара
Вклученост на организирана криминална група	Не се бара	Не се бара	Не се бара

Криумчарење мигранти

Табела 2 Матрица со дефиниции

Како значајна разлика помеѓу овие два случаи, односно, криумчарењето на мигранти и трговијата со луѓе, е елементот на свест кај лицата. Условите, ризикот во однос на изложувањето кај миграцијата, наспроти човековите права и слободи кај трговијата со луѓе, вклучувајки го и правото на движење кај двата елементи на предметното истражување во случајот кај нас трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.

Криумчарењето со луѓе првенствено се разликува од трговијата со луѓе од причина што кај криумчарењето обично не постои елементот на измама или принуда, односно не постои принудата како елемент што ја ограничува слободата на волја кај криумчареното лице. Следствено, кај криумчарењето нема односно ретко се сретнува системско, физичко, сексуално и психичко казнување. Значајна карактеристика кај криумчарењето е што секогаш доаѓа при нелегално преминување на границите.

РАЗЛИКИ	ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ	КРИУМЧАРЕЊЕ
Цел/како се заработува	Постои континуирана експлоатација на жртвата и по пристигнувањето на крајната дестинација.	Еднократна финансиска добивка со наплаќање одредена сума пари за илегално префрлање лица преку граница.
Прашањето на согласност (договор)	Не постои согласност или согласноста е изнудена под присила, измама или принуда.	Постои согласност и договор помеѓу мигрантот и криумчарот околу деталите за патот, рутата и цената на чинење на услугата.

[3]

Табела 3 Разлики помеѓу кривичните дела трговија со луѓе и криумчарење на мигранти

1.2.1 Карактеристики и компоненти на криумчарење со мигранти

Криумчарењето на миграни е комерцијален однос што претставува однос за помагање на луѓето да патуваат нерегуларно и да ги избегнуваат официјалните процедури кои се законски за движење и влез од една во друга држава, па според тоа претставува кривично дело против националните закони, а не против самите лица. Во многу случаи, криумчарите можат да ги повредат и човековите права на мигранте, но нивната улога главно се состои во тоа што ги даваат услугите кои мигрантите ги бараат.

Според Обединетите Нации, криумчарењето е "обезбедување, за да се добие, директно или индиректно, финансиска или друга материјална корист, од илегален влез, лице во држава-страна на која лицето не е државјанин или постојан жител.[4]

Според податоците и случаите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија во изминативе години, драстично е променета сликата за овој вид на организиран криминал, но во претходното излагање како што истакнавме не е на завидувачко ниво. На органите за истражување и за прогон им е дадена усовршена

[3] Обука за постапување со жртви на трговија со луѓе

[4] Протокол против криумчарење на мигранти по копно, море и воздух, кој што ја надополнува Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационален организиран криминал (2000) член 3а

алатка за борба против овој вид на организиран криминал, меѓутоа потребна е и проактивна улога на инспекциските служби во насока на обука за идентификација и препознавање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација.

Појавата на илегална миграција и криумчарењето во Република Северна Македонија, во изминативе неколку години, значително еволуира, во поглед на земјите на потекло на мигрантите, во поглед на регистрирани мигранти, структурата на лица кои поминуваат низ државата, како и начинот на кој тие преминуваат низ границата. Во глобалната мрежа на криумчарење мигранти, Република Северна Македонија се јавува како транзитна земја, односно според извештаите на Стејт Департментот на Сад, Република Северна Македонија се опишува како крајна дестинација, како и листа на земји од кои потекнуваат криумчарените мигранти. Мигрантите при транзитот на државите, најчесто ги користат услугите на организираните криминални групи, кои пак своите услуги ги нудат во замена за одредени финансиски средства. Во поглед на криумчарење на мигранти во Република Северна Македонија, нашите државјани се инволвирани во процесот на транспорт од јужната до северната граница на нашата држава. Средствата за транспорт се најразлични. Како резултат на сето ова илегалната миграција станува се повеќе развиена и организирана, додека пак криумчарењето на мигранти добива транснационален карактер.

1.2.2 Карактеристики и компоненти на трговијата со луѓе

Трговијата со луѓе е приказна на вртоглави бројки. Луѓето кои стануваат жртви на трговијата со луѓе потекнуваат од најранливите групи, со цел за подобар статус во општеството како и егзистенција во истата. Според груби и неофицијални пресметки милиони луѓе во кои спаѓаат и малолетни деца се принудени да работат, а нивната бројка во однос со работата се движи околу 150 милиони, неофициално секако. За да се раскаже приказната за нив, бара многу чуствителност пред се, со цел да не се предизвика омраза и да предизвика стереотипи.

Трговијата со луѓе е многу сложен процес и општествен проблем, за кој е потребно претпазливост и сочуствителност во однос на прераскажување и информираност за жртвите како и при помошта која им е насочена на истите.

Трговците со луѓе целат кон луѓето како поединци. Обично се поврзани со криминални мрежи кои организираат трговија со луѓе заради принудна работа, принудна работа во домашни услови, сексуална експлоатација, ропство, отстранување на органи. Се почеста е ранливоста во однос на трговијата со луѓе, поради немањето дозволи за влез во сопствените земји (земји на потекло) или доколку не се пријавени да работата и живеат во земјата на дестинација. Секако, неоходна е поголема координација и на полициските служби во насока на информирање за евентуални случаи на трговија со луѓе и нивни навремено известување.

Делото трговија со луѓе, не бара да постои конкретна ескплоатација. Обврската за инкриминирање на трговијата со луѓе, бара домашното законодавство да биде изготвено на начин во согласност со домашната правна рамка, под услов да содржи комбинација од составните елементи кои се спомнуваат во дефинициите за трговија со луѓе.

Во однос на компоненетите, трговијата со луѓе, се состои од географски, структурни и комерцијални компоненти. Во случај на прекугранична трговија, географските и структурните компоненти може да се изразат преку земја на потекло, земја на транзит и земја на дестинација. Во овие три области, комерцијалните карактеристики инхерентни во овој вид криминал значат дека трговците се присилени да се вклучат во една или повеќе од некои активности кои вклучуваат огласување, изнајмување простор, транспортирање, комуникации и финансиски трансакции.

Доказниот материјал може да пости во било кои од овие фази при процесот на трговија и истражните органи мора да најдат начини целосно да ги искористат ваквите можности за докази и на тој начин да обезбедат спасување на жртвите, и апсење и осудување на трговците, како и конфискација на нивните средства од криминалот. Секако сите овие процеси, исто така, може да се случат во една земја или локалитет.

Во однос и во контекст на компоненетите кои со себе ги носи терминот односно криминалното дело трговија со луѓе, терминот жртва на трговија со луѓе, е една од причините за најжестоки дебати во однос на трговија со луѓе со посебен осврт кон трговијата со жени. Многумина веруваат и дека самиот термин со себе ја носи придавката на беспомошност, но во контекст на човековите права и заштита на правата на жртвата, терминот жртва се користи не како безпомошност или не

издржливост, односно лица кои доживуваат повреда на своите човекови права а имаат право на заштита, помош и обештетување, односно чиј фокус е на заштитата и на обештетување на жртвата.

ГЛАВА 2 ЕТИОЛОГИЈА НА ТРГОВИЈТА СО ЛУЃЕ И ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

2.1 Поим и етиологија

Поимот етиологија го означува научното сознание за причинителите и последиците на појавите во природата и општеството, односно логичното научно објаснување и докажување на причините поради кои настануваат појавите во објективниот свет. Овој поим има грчко потекло од зборовите ‘aitia”, што значи причина, и “logikos”, што значи наука.[5]

Криминологијата, како наука што ги проучува криминалитетот и деликвенција како реални негативни појави во општеството, се занимава и со проучување на причините и последиците кои произлегуваат од овие општествени појави, со негативен предзнак. Делот од криминологијата што дава одговори на прашањата сврзани со природата на криминалитетот, со причините што го условуваат настанувањето и последиците што ги предизвикуваат крминалното однесување, се нарекува криминална етиологија. Преку овој дел, криминологијата не само што навлегува во проблемот на детерминизмот на криминалното однесување, туку таа настојува и да ги идентификува, утврди и објасни, субјективните и објективните фактори кои ја предизвикуваат оваа негативна појава.[6]

Историскиот развој ни овозможува преку компаративниот истражувачки метод, да дојдеме до поголем дел на неопходни сознанија, кои помалку или повеќе влечат исторски корени.

Појавата на трговија со луѓе е една од појавите којашто се протега низ целокупниот развој на општествената еволуција се разбира и човечката и токму затоа таа е составен дел и на овој труд.

---

[5] АрнаудовскиЉ., криминологија, Скопје, 2007 година.
[6] Ibid

Трговијата со луѓе е глобален проблем кој претставува модерна форма на ропство. Во процесот на трговија со луѓе најсурово се кршат човековите права кои оставаат серизно последици по жртвите. Трговијата со луѓе е кривично дело од областа на организираниот криминал, присутна во разни форми кои се манифестираат преку сексуално и трудово искористување, физичко и психичко насилство, силување, киднапирање, ропство и други форми кои спаѓаат во оваа област.

2.2 Етиологијата или етиолошката анализа односно карактеристика на трговијата со луѓе и организираниот криминал во Република Северна Македонија

Една од темите која е доста актуелна и за жал многу распространета во нашата држава е трговијата со луѓе.

Оваа појава - трговија со луѓе на просторот на нашата земја во значење и обем кој денес го има, е причина за непостоење не само на систематизирано научно знаење за овој безбедносен проблем, туку и за непрецизност на негов единствен назив. Имено, во научната и стручната литература нема единствен назив за оваа појава. Така, може да се воочи употреба на термините бело робје, трговија со луѓе, трговија со човечки суштества, криумчарење на луѓе, криумчарење на жени и деца и слично. Во медиумите употребата на термините е уште полоша.

Трговијата со луѓе како модерен облик на робството е во центарот на вниманието и на меѓународната заедница. За тоа говорат знашителен број на конвенции, протоколи и други документи, донесени се со цел за поефикасна борба против оваа појава, односно трговијата со луѓе.

Етимолошкото значење на синтагмата се одредува со синтеза на посебното значење на именките во синтагмата. Самата синтагма се состои од две именки: трговија и луѓе. Трговија претставува стопанска активност на размена на добра и купопродажба. Сите облици на трговија се регулирани со правни прописи, а нивните повреди (зависно од тежината) повлекуваат одреден степен на одговорност на прекршителите. Најтешки облици на деликти на недозволена трговија се трговијата со бело робје, трговијата со оружје и опојни дроги.

Денес во 21 век во сите држави во светот, па и во Република Северна Македонија, заедно со тероризмот, борбата против оваа појава односно борбата со

трговијата со луѓе е на прво место, тоа се случува низ целиот свет, во сите континенти и за жал континуирано расте во се поголем број. Бројот на официјалните жртви се движи меѓу петстотини илјади и два милиони жртви, а се разбира бројот секако е поголем од прикажаниот. Во Југоисточна Европа каде што припаѓа и Република Северна Македонија бројот на жртвите во последните година дена се брои со стотици илјади луѓе, официјално истиот е во пораст, а се претпоставува и дека овој број се уште расте и секако дека е поголем од прикажаното.

Под трговија со луѓе во етимолошки поглед се подразбира размена помеѓу купувач и продавач во која продавачот на купувачот со надомест го предава човекот или овозможува користење на одредени негови услуги. Во нашата теорија и практика не постои единствен став околу самиот термин со кој се означува оваа појава. Имено, доколку се занемари ненаучната терминологија за обележување на овој феномен подеднакво се користат синтагмите трговија со луѓе и трговија со човечки суштества. Правилно е да се користат двете синтагми, но поправилно е да се каже трговија со човечки суштества, затоа што терминот „трговија со човечки суштества“ општоприфатен термин во светската научна и стручна јавност.

Стратегијата и превенцијата од сузбивање односно од спречување на трговијата со луѓе во спроведувањето на законите и меѓународните договори, бара примена на посебни истражни мерки, заштита на сведоците, соработниците на правдата и на жртвите. Тоа бара соработка во размена на информации на национално ниво, градење на глобална стратегија и развивање на конкретни механизми за ефикасна борба против ова зло.

Ова дело е инкриминирано во казнениот закон на Република Северна Македонија и во конвенцијата на Обединетите Нации, против транснационалниот организиран криминал од 2000 година со протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, посебно трговијата со жени и со деца и протоколот против криумчарење на мигранти.

2.3 Причинители за појавување на трговија со луѓе

Трговијтаа со луѓе кон крајот на двадесетите години бележи огромен подем во делот на зголемување на оваа модерна рамка на организиран криминал. Сите процеси кои се случуваат во земјите од блискиот исток поточно од источниот блок како и во земјите од поранешна Југославија, предизвикале големо односно

зголемено движење на населението во потрага по подобар живот и излез од сиромаштијата во која наеднаш се најдоа голем број на граѓани од овие земји. Сето ова создаде поволно тло за појава на трговија со луѓе која не ја заобиколи и Република Северна Македонија.

Потојат голем број на причини за појава на трговијата со луѓе. Најчесто, тие се одредени од бројни политички, економски, социјални и културни фактори. Трговијата со луѓе функционира на принципот понуда и побарувачка. Од една страна, во земјите на потекло постојат поттикнувачки фактори (невработеност, сиромаштија, социјална исклученост, ситуација на воени конфликти и угнетување, недостаток на политичка, социјална и економска стабилност, семејно насилство, полова диксриминација, недостаток на пристап до образованието и информации итн,), коишто влијаат на луѓето да мигрираат во некој друг град или држава во потрага за подобар живот или едноставно, во борба за опстанок.

Од друга страна, во развиените и богати земји, односно земјите на дестинација, пак, постои голема побарувачка за евтина работна сила и евтини услуги (повлекувачки фактори). Организираните криминални групи имаат свој интерес и можност за остварување на огромна заработка со поврзување на понудата и побарувачката.

Секако дека без побарувачка на пазарот за илегални услуги, трговијата со луѓе не би била застапена. За таа цел, повеќе фактори придонесуваат кон креирањето на побарувачката за кои илегално се тргува, како и стотици услуги и стоки кои произлегуваат од нивната експлоатација. Факторите кои придонесуваат за извршување на било кое кривично дело, меѓу кои и кривичните дела од областа на илегалната миграција, се дефинираат како субјективни или објективни чинители кои дејствуваат во процесот на настанување и конечна реализација на кривичното дело, како негативна појава во општеството.

Во секој процес, постојат причинско последични врски, па така еден од таквите и е трговијата со луѓе, која зад себе остава тешки последици со кои се здобиваат и трајно остануваат кај жртвите на трговија со луѓе.

2.3.1 Субјективни фактори за појава на трговија со луѓе

Општеството е форма на поврзување на луѓето, како што сите знаеме. Но, сепак тоа е динамичен систем и тоа има големо влијание врз самото општество.

Субјективноста е перцепција и лична благодарност и делумно за некое прашање, идеја, мисла или култура. Субјективноста е поврзана со вградување на емоции и чуства при изразување идеи, мисли, или перцепции за предмети, искуства, феномени или луѓе. На овој начин субјективноста е човечки квалитет, бидејки е неизбежно да се изрази битието надвор од себе. Субјективитетот е всушност еден вид основа на современото општество, што подразбира целокупна сеопфатност.

Во однос на нашата проблематика и изложувањето на темата за која што говориме, субјективните фактори за појавата на нелегалната миграција се појавува како негативна општествена појава, поврзаноста со личноста и нејзината структура (како што истакнав погоре во текстот и во дефинирањето на субјективитетот). Елементи на структурата на личноста кои можат да бидат криминогени фактори се: мотивите, чуствата, нагоните, темпераментот, карактерот, фрустрациите, како и душевните психопатолошки растројства. Кога станува збор за кривичните дела од областа на трговијата со луѓе, тогаш како криминални фактори од елементите на структурата на личноста најчесто се јавува мотивот, кој најчесто е од економска и финансиска природа. [7]

Во поглед со трговијата со луѓе, лицата кои се јавуваат како сторители на ова кривично дело, најчесто се мотивирани, кривичното дело да го извршат за определен финансиски надомест. Од ова произлегува, дека главен субјективен фактор или елемент во однос на трговијата со луѓе, претставува економскиот фактор, односно финанскиската состојба или природа на лицето, кое се јавува како извршител на кривичното дело, во случајот кривичното дело трговија со луѓе. Сепак, треба да се има во предвид и тоа дека сторителите на ваквите кривични дела се потикнати да го извршат ова дело како резултат на желбата за моќ, желба да се контролира некој друг што им е во пододредена положба, желна да се управува со нечиј друг живот.[8]

Сиромаштијата и невработеноста во државата се основни економски проблеми кои директно ја погодуваат секоја единка во едно општество. Имајки ги предвид миграциските правила во развиените и богати држави, мигрантите кои се во потрага по подобар живот се склони кон заобиколување на овие правила и се повеќе бараат побрз и поедноставен начин за влез и престој во овие држави. Сето ова создава поволна клима за развој на трговија со луѓе и нивно распространување.

---

[7] Ibid

[8] Проценка на закани од сериозен и организиран криминал, МВР на РСМ, Скопје,2016 година.

Субјективниот идеализам, што го негира постоењето на материјалниот свет, тврдејки дека светот е содржина на нашата свест, води кон правец што тврди за развитокот на општеството дека не го определуваат објективните законитости туку субјкетивните фактори, волјата, идеите и личноста, со конкретизација за случајот кој го спомнав во излагањето на субјкетивните факктори во однос на трговијата со луѓе.

2.3.2 Објективни фактори за појава на трговија со луѓе

Метод на испитување, проучување на општествениот живот што се темели врз објективната реалност, е еден од факторите кои заземаат значајна улога во трговијата со луѓе. Всушност се темели врз околностите и влијанието во општеството кои придонесуваат за појава на нелегална миграција, односно, трговија со луѓе, и кривичните дела во нејзина област. Овде може да се забележи вниманието односно ширењето на културната маса како фактор кој влијае на дејствувањето на трговија со луѓе, односно лесната достапност на културните достигнувања.

Објективните фактори, односно, оние кои не зависат директно на свесната активност на човекот и на луѓето и на нивната волја, може да резултура и да се донесе заклучок дека природата игра голема важна улога во социјалниот развој, оттука и појавувањето на криминалното дејствие трговија со луѓе.

Како главни виновници и објективни причинители на ваквата појава на Балканот, претставува периодот на транзицијата низ кој поминуваа балканските држави и нивниот премин во слободна пазарна економија. Геополитичките игри и немири во светот, како и отворањето на западно-балканската рута, претставуваат главни причинители за појавата на нелегалната миграција односно тргувањето со луѓе во подрачјето на Република Северна Македонија, која во последните неколку години бележи пораст. Криминалните групи во Република Северна Македонија, добиваат одреден финансиски надоместок, што за нив претставува уште поголем мотив да продолжат со нелегалните дејствија низ територијата.

ГЛАВА 3 ФЕНОМЕНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНО ДЕЛО КРИУМЧАРЕЊЕ НА МИГРАНТИ

3.1 Поим на криминална феноменологија и нејзин осврт на феноменологијата на криумчарење на мигранти

Феноменологијата како поим потекнува од грчките зборови “phenomenon”, што означува појава, и зборот “logos”, што означува учење.

Феноменолошкото дефинирање на криумчарењето на мигранти и криминологијата, всушност претставува изразување на структурите во однос на целта на истражувањето. Феноменологијата во никој случај не е обединето движење и нејзиното дефинирање е парадоксално бидејќи изостанува тематскиот фокус. Феноменологијата на криумчарењето, пред се се занимава со системската рефлексија на институциите и нивните структури поврзани со овој метод.

Криумчарењето на мигранти, како кривично дело, со текот на времето како и секое друго кривично дело се развивало и модификувало во зависност од општетсвените и економските односи кои владееле во светот низ историјата. Кај криумчарењето на мигранти, како кривично дело важен елемент е согласноста за транспорт од страна на лицето кое се криумчари. Транспортот, пак, претставува внатрешно или надворешно пренесување на лица без разлика дали станува збор за нивно отворено или прикриено пренесување. Кога станува збор за согласноста кај криумчареното лице, во поглед на транспортот, имајќи ги во предвид условите и начинот на кој се врши транспортот, тешко е да се поверува дека некој доброволно би се согласил на тоа. Сепак, согласност кај криумчарењето на мигранти сепак постои.

Причините за криумчарење на мигранти се разновидни, па од таму се раѓаат и понови и разновидни облици на овој криминалитет. Поради ваквата состојба, неопходно е постојано следење на сите појави и облици, старите и новите карактеристики на појавата, за да може да дојде до нејзино успешно препознавање и разоткривање.

Феноменологијата или криминалната феноменологија, всушност е се она што тргнува од самиот поим на криумчарење на мигранти. Тргнувајки од дефинирање, поимно определување, законски рамки во однос на истите, протоколите, конвенцијата или се она што го открива и опфаќа терминот криумчарење мигранти. Карактеристичноста во однос на криумчарењето мигранти е всушност профилот на криумчарените мигранти како и профилот на сторителите на кривичното дело криумчарење мигранти. Во понатмошниот текст следува нивно излагање за криумчарење мигранти.

3.2 Содржина на Кривично дело на криумчарење на мигранти

Криумчарењето на мигранти е кривично дело кое е уредено со член 418-б од кривичниот законик.

Мигрантите се идентификуваат во тек на патувањето, односно, транспортот, кои чекаат да бидат пренесени во следниот дел од нивното патување. Можат да се идентификуваат насекаде, но најчесто на граничните премини. Криумчарените мигранти можат да патуваат со лажни документи или без документи, можат да бидат скриени во преградите на возилата или може да се обидуваат пеш да поминат преку зелените гранични премини.

Со Кривичното дело, Криумчарењето мигранти се инкриминираат дејствијата на "Тој што со сила или со сериозна закана ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, со измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг, илегално да пренесува мигранти преку државни граници, како и тој што прави, набавува или поседува лажни патни исправи за таква цел" и предвидена е казна затвор најмалку четири години (член 418-б став 1 од казнено право). Построга казна, односно казна затвор од најмалку осум години е предвидена доколку делото е сторено со малолетно лице, а казната затвор од најмалку десет години ако делото го стори службено лице во вршење на службата (член 418-б став 4 и 5 од казнено право). Од начинот на нивна евиденција, нерегуларниот правен статус на двата приватни центри на јужната и северната граница, па се до спроведување на постапката за давање азил.

Во последниот извештај на Европската комисија за напредок на Република Северна Македонија, има сериозни критики за отсуство на систем за справување со

мигрантите, од начинот на нивна евиденција, нерегуларниот правен статус на двата прифатни центри на јужната и сверната граница, па се до спроведување на постапката за давање азил. Така на пример, европската комисија потенцира дека од 2016 година до сега, ниту едно лице не добило статус на признаен бегалец, ама исто така и дека нема заостанати случаи на азил поради високата стапка на азил, бидејки повеќето се прекинати поради високата стапка на откажување од барањата.

Ова практично значи, дека Република Северна Македонија, е транзитна зона за мигрантите кои брзаат да ја напуштат. Доколку се фатени од полицијата тие имаат две можности. Една од нив е да бидат вратени во матичната земја или до последната земја кои остварile влез, и другата е да побараат азил. Ама азил во земјава тешко се добива, па оние што ќе побараат, по кратко време и главно со помош на криумчари повторно бегаат кон Србија, со надеж дека овој пат нема да бидат фатени од службениците на Министреството за внатрешни работи, и ќе успеат да ја поминат границата.

Покрај Министерството за внатрешни работи, состојбата со криумчарењето мигранти во Република Северна Македонија ја следи и Јавното Обвинителство на Република Северна Македонија. Според Јавното обвинителство, врз основа на Членот 418-б од кривичниот законик на Република Северна Македонија, за делото криумчарење на мигранти, поднесени се кривични пријави против 70 лица, од кои за 4 лица пријавата е отфрлена, а за 66 лица е поднесено барање за спроведување истрага.

Република Северна Македонија следејќи го трендот и примерот на светските и европските законодвства ги има инкриминирано кривичните дела криумчарење мигранти и трговија на луѓе. Со измените на зоконот, Република Северна Македонија, настојува континуирано да се имплементира во меѓународните норми во оваа област.

3.3 Сторители на кривични дела

3.3.1 Пријавени сторители

Тој што со умисла подготвува извршување на Кривично дело, ќе се казни само кога тоа законот изречно го определува. Подготвуваењето на Кривично дело

може со закон да се определи како посебно Кривично дело кое сторителот го извршил. Подготвителните дејствија се умислени дејствија со кој сторителот создава услови со кои си го олеснува извршувањето на делото. Овие услови се во непосредна функционална врска со дејствието на извршување на казнетото дело.

Секоја формална или неформална организирана група или поединец може да се вбројува во сторители на Кривичното дело криумчарење со мигранти.

Кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност и притоа бил свесен или бил свесен за забранетоста на делото.

За кривични дела на кривично одговорните сторители може да им се изречат следниве казни: казна затвор, парична казна, забрана на вршење на професија, дејност или должност, забрана на управување со моторно возило и протерување странец од земјата, и сторители на кривични дела кои од најразлични причини не се пријавени.

3.3.2 Обвинети сторители

Под поимот "обвинето лице" се подразбира лице против кое во судот е поднесено обвинение, обвинителен предлог или приватна тужба, против кого кривичната постапка со одлука на судот правосилно е завршена.

По спроведена истражна постапка, надлежен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал до Основниот кривичен суд може да поднесе обвинителен акт, кои како организатори и членови на група се јавуваат истите, кои сториле кривично дело, криумчарење на мигрантии,кое се вбројува во групата на организиран криминал. Обвинетите со умисла и од користољубие, се организираат во групи за вршење на Кривично дело криумчарење на мигранти, договараат пренесување на илегални мигранти од една во друга земја. Таму мигрантите привремено се засолнуваат, каде соработници и соучесници на споменатите организирани групи им помагаат да ја напуштат земјата и да ги пренесат до посакуваната дестинација.

3.3.3 Осудени сторители

Под поимот “осудено лице” се подразбира полнолетно лице прогласено за виновно и против кое се изречени кривични санкции.

Обвинителството заедно со Обвинителниот акт доставува предлог мерка за притвор, против обвинетите, или во друг случај, мерката притвор да се замени со мерка во домашен притвор. Притоа можат да се земат во предвид околностите во случај обвинетиот да може да се брани од слобода, при што истиот може да се крие или да побегне со цел да ја избегне кривичната одговорност, дотолку повеќе што начинот и мотивот на извршување на кривичното дело покажуваат на постоење на меѓународен елемент во извршуваење и поврзаност на извршители од повеќе земји, па напуштањето на земјата на обвинетите нема да претставува проблем.

На сторителот на Кривично дело во извршување на кривичната санкција можат да му бидат одземени или ограничени определени права само во мерка која им одговара на природата и содржината на таа санкција и само на начин со кој се обезбедува почитување на личноста на сторителот и на неговото човечко достоинство.

3.4 КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТОРИТЕЛИТЕ

3.4.1 Пол

Во однос, на полот на сторителот на секаков вид на криминалитет, па и на нашата предметна група, имаме застапеност и на машкиот и на женскиот пол, но како што е и општопознато за секој вид на криминалитет, така и кај криумчарењето на мигранти, како сторители на ваквото кривично дело во поголема бројка е застапен машкиот пол, во споредба со женскиот, иако и тоа не значи дека женскиот пол не учествува како извршител на кривичното дело, конкретно во нашиот случај, меѓутоа и на другите кривични дела од областа на илегалната миграција.

Според годишните извештаи на Националната комисија за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти значително е поголем бројот на мажи кои се јавуваат како сторители на кривичното дело криумчарење на мигранти, па и другите кривичнни дела од областа на илегалната миграција, за разлика од бројот на жени кои се јавуваат како сторители на ваквите кривични дела. Така, според годишниот извештај на Националната комисија за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти за 2013 година, како извршители на кривичното дело криумчарење на мигранти се јавуваат

47 мажи, а само 4 жени, според извештајот за 2014 година истата комисија за истото кривично дело, поистоветува на учество на 42 мажи, а само една жена, а во 2015 година според извештајот на националната комисија за трговија со луѓе и кримучарење на мигранти, како криумчари на мигранти се јавуваат 179 мажи и само 2 жени.[9]

3.4.2 Возраст

Возраста на криумчарењето со мигранти е варијабилна, но најчесто како сторители на ова кривично дело се јавуваат помлади лица, лица на возраст до 40 години, а најзастапена е возраста од 25-35 години, според истражувањето кое било извршено од страна на Коалицијата "Сите за правично судење".

Возраст	Мигранти
до 18	22
18 до 20	6
20 до 30	47
30 до 40	30
40 до 50	6
50 до 60	8
Непознато	22
Вкупно	141

Табела 4 Застапеност на кривчно дело криумчарење на мигранти според возраста

3.4.3 Национална припадност

Кривичниот законик на Република Северна Македонија, покажува дека има голема разноликост на сторителите во поглед на нивната национална припадност.

[9] Годишните извештаи на Националната комисија за борба птротив трговија со луѓе и илегалната миграција 2013-2015,

Анализата на сторителите, според националната припадност, на предметите кои се водат согласно со членот 418-б од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, покажува дека кога станува збор за вакво криминално дејствие очигледно е дека истиот не познава национална припадност и е застапен скоро кај сите националности.

3.4.5 Образование

Во поглед на образованието, кои се јавуваат како сторители на Кривичното дело криумчарење со мигранти најзастапена е групата која има завршено средно образование, од друга страна лицата кои имаат завршено високо образование многу ретко се јавуваат како сторители на вакво кривично дело.

3.5 КАЗНЕНА ПОЛИТИКА НА СТОРИТЕЛИТЕ

Најраспространета цел, доколку може така да се дефинира, е казната со која се санкционираат сторителите кои извршиле кривични дело или кривично дејствие.

Казната, односно санкцијата, претставува зло, кое најчесто се изразува како ограничување на слободата и правата на поединецот, и кое му се нанесува на сторителот на кривичното дело. Сторителите на кривични дела треба да страдаат на некој начин. Криминалците имаа несоодветна предност или предизвикале неправедна штета врз другите и според тоа одговараат на начин каков што е предвиден според Кривичниот законик во Република Северна Македонија. На сторителот на кривично дело во извршување на кривична санкција, можат да му бидат одземени или ограничени определени права во оној случај каков што одговара на природата и содржината на таа санкција и само на начин во однос на почитувањата на слободата и правата на сторителот, како и почитување и неповреда на достоинството.

Според Кривичниот законик на Република Северна Македонија, можат да се изречат следниве кривични санкции: казни, условна осуда и судска опомена, мерки на безбедност и воспитни мерки. Како што напоменав претходно, на сторителот на кривично дело можат да му бидат одземени одредени или ограничени права само во

однос кој одговара на содржината и природата на таа санкција и на начин за почитување на човековите права на личноста како сторител и неговото човечко достоинство.

Круимчарењето на мигранти во Република Северна Македонија, е инкриминирано со Кривичниот законик. Членот 418-б од Кривичниот законик, кој го инкриминира криумчарењето мигранти, покрај инкриминацијата на делото го определува и видот и висината на санкцијата која судот треба да ја одреди на сторителите на вакво казнено дело. Според овој член за Кривичното дело криумчарење со мигранти, во Република Северна Македонија, се изрекува казна затвор во траење од најмалку четири години. Сепак, кога станува збор за конкретен случај на криумчарење на мигранти, судот е тој кој врз основ на законските прописи ги одредува видот и висината на санкцијата, за стореното кривично дело. Во однос на видот на изречените санкции за делата на криумчарењето со мигранти , најчесто за обвинетите лица е одредувана ефикасна казна затвор, а во некои случаи е одредувана и условна осуда.

Табела 1.Пријавени сторители за кривично дело "криумчарење на мигранти"

	2013	2014	2015		2016
Пријавени сторители	97	166	212		191

Извор: Годишни извештаи на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2013-2016.

Табела 5 Пријавени сторители за кривично дело криумчарење на мигранти од 2013-2016 година

Според Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, и според годишните извештаи на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и криумчарење мигранти, кога станува збор за висината на санкциите изречени во однос на кривичните дела на илегалната миграција, во кои спаѓаат и криумчарењето на мигранти во просек може да приложи дека за лица кои биле осудени за сторено кривично дело криумчарење со мигранти, затворските казни се движеле од 6 месеци до 12 години казна затвор, и веднаш би си го поставиле

прашањето , дали со ваквите санкционирање би можело да се постигне превентивна и специјална цел во однос на казнувањето.

Обидувајќи се соодветно да одговори на се поголемата експанзија на организираниот криминал на предметниот знос на криумчарењето со мигранти, а истовремено и да ги следи меѓународните иницијативи и преземени обврски, Република Северна Македонија во последните неколку години, спроведе огромен број нормативни и институционални промени, наведени во самото дело.

Со цел воспоставување на регионална соработка[10] во борба против организираниот криминал односно криумчарењето со мигранти со обвинителствата на државите од Западниот Балкан.

Со проширувањата на овластувањата што ги има Министерството за внатрешни работи во предистражната постапка и во истрагата и на овластените лица на Царинската управа како и на Финансиската полиција во точно наброени кривични дела.[11]

3.6 СЛУЧАИ ОД ПРАКТИКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македоија, претставува атрактивна транзитна земја за движење на илегални мигранти кои се дел од рутата кои спаѓаат во групата криумчарење на мигранти. Криумчарењето на мигранти како криминална област останува рангирана на високо ниво на нашата држава.

Во заедничка акција на армијата и полицијата, неделно се откриваат по неколку стотици мигранти на “ балканската рута”. Намален е случајот на борба против трговија со луѓе, со особена загриженост за корупцијата и соучешништво на службени лица. Колку повеќе се забранува влезот на бегалци или мигранти, и што повеќе за засилуваат контролите, толку повеќе тие луѓе што ги имаме, тие бегалци кои се сместени во Грција во случајот даваат повеќе напор за да ја поминат границата, за да стигнат кон својата крајна дестинација, односно кон Европа. За секоја забрана, доколку нема алтернатива секогаш ќе има криумчари, ќе има луѓе

[10] Со националниот акционен план воспоставувањето на регионална мрежа на обвинители бесе утврдено како прв приоритет.

[11] Член 142 од ЗКП овластувањата што ги има Министерството за внатрешни работи во предистражна постапка и во истрагата ги имаат и лицата на царинската управа на РСМ овластени со закон во случаите кога работата на откривање на кривичните дела и нивните сторители и прибирање на докази заради кривично гонење на сторителите на кривичните дела во кои спаѓаат член 212,213,215232,266,273,278-а,278-б,279,481-а, а од КЗ член 59 и 60 на Законот за акцизи и други кривични дела поврзани со увоз и извоз.

кои лажно се претставуваат дека можат да ги поминат сите нив, кои ке ги ограбат по пат, ке им ги одземат животите, и за жал сето тоа останува како црна дамка на нашата земја, затоа што ние не сме можеле да ги спречиме во извршување на нивната кривична акција.

Патот на мигрантите низ земјава е добро познат по така наречената балканска рута. Од јужната граница, главно во околината на Дојран, преку Неготино и Велес, па се до Табановце, каде на илегални премини тие влегуваат кон Србија. Во екот на бегалската криза од 2014 до 2016 година, стотици лица седојдневно барале помош во непосредна близина на Железничката пруга која се наоѓа во близина на рутата која ја спомнав во претходното раскажување, додека сега тоа не е случај во последните години. Сега одвреме навреме ќе се забележи некој на возовите, но веќе ретко кој бара помош (ова е излагање од граѓанин кој живее близу железничката пруга). Ако до 2016 година им беше дозвлоено пеш или со јавен превоз да се движат низ Македонија, со обврска да ја напуштат земјата за 72 часа, со затварањето на рутата таа можност беше одземена.

На 23 Април 2016 година, е евидентиран случај на криумчарење мигранти. На овај датум, лицето Н.Б. прифатил и превземал 5 лица со илегален влез и престој во Република Северна Македонија.

Н.Б. имал намера да превземе илегални мигранти од Гевгелија до Скопје. На 23 Април 2016 година, тој со своето возило марка “ауди” ги прифатил илегалните мигранти во близина на Гевгелија. Откако ги прифатил илегалните мигранти, додека со возилото се движел кон Скопје, во близина на село Удово, бил забележан од полициската контрола. Полицијата се обидела да го сопрат, но Н.Б ја зголемил брзината на возилото и се дал во бегство. Околу 03:00 часот, возилото сопрело, а возачот го напуштил возилото. Во возилото, од страна на полицијата, било утвдрено присуство на 5 лица, илегални мигранти, од Пакистан и Авганистан. Во разговор со илегалните мигранти било утврдено дека истите од Република Турција нелегално влегле во Република Грција, а границата помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија ја минале пеш и на нелегален начин. Илегалните мигранти посочиле и дека додека се движеле пеш, лицето Н.Б. со возилото сопрел до нив и се договориле за сума од петстотини евра по лице да ги превезе до Скопје.

Подоцна од страна на крим техника, а по наредба на надлежен Јавен обвинител, возилото марка “Ауди” било вештачено и во него пронајдениот ДНК материјал се совпаднал со ДНК профилот на лицето Н.Б.

Лицето Н.Б. било лишено од слобода. Против истото, до надлежен Јавен обвинител, била поднесена соодветна кривична пријава по член 418-б ст.2 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија за стореното кривично дело "Криумчарење мигранти", а во понатамошната постапка од страна на надлежен Јавен обвинител пред Надлежен суд, е докажана неговата вина и му е одредена соодветна санкција од страна на судот, во согласност со позитивните законски прописи во нашата држава.[12]

Во текот на изминатите години од страна на Министерството за внатрешни работи, биле откриени 64 случаи на криумчарење, вкупно 815 мигранти од кои третина биле од Пакистан. По официјлно затварање на балканската рута, најголем број на премини имало во пандемската 2020 година. Тогаш биле откриени 2700 мигранти, а фатени стотица криумчари. Во првите шест месеци од 2020 година биле откриени околу 400 илегални мигранти.

Особено загрижуваа корупцијата и соучешништвото на службените лица во кривичните дела на трговијата со луѓе. Службените лица и набљудувачи информираат дека полициските службеници на пониски позиции може да се соучесници во трговијата со луѓе, како на пример преку криење на докази, поткуп, промена на маршутите на патролите, дојавување за рации или директна инволвираност во организираниот криминал.

Во извештајот за 2021 година, се наведува дека Македонските власти презеле напори за судска разрешница на повеќе случаи и развиле пристап, што е ориентиран кон постраумaтска заштита на жртвите и децата од криумчарењето со мигранти. Сепак, се додава дека стандардите во повеќе клучни области не се исполнети.

Еден од последните случаи во Република Северна Македонија (05.06.2023), во рамки на криминалистичка истрага која се води под севдонимот "Исар ", од страна на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе при секторот на криминалистички истраги во Оддел за сузбивање на организиран криминал и сериозен криминал, во содејство со Одделот на специјални посебни операции, Сектор за внатрешни работи Куманово, Скопје, регионални центри за гранични работи Југ и Исток под раководство на Јавен обвинител, беше спроведена координирана полициска операција со цел сузбивање на организирана криминална група, која го извршувала кривичнотто дело криумчарење мигранти.

[12] Ibid.

Криминалистичка истрага над организираната 17-члена група, која е дел од меѓународен канал за криумчарење на мигранти, се спроведувала од 2021 година до мај 2023 година. Оваа организирана криминална група врз основа на претходен договор со лица од Србија, Бугарија, Унгарија и Република Северна Македонија, организирале криумчарење на мигранти од Грција кон Унгарија и од Бугарија кон Србија, со крајна дестинација во земјите на Европската Унија.

На секои 4 до 5 дена полицијата откривала и пријавувала криумчарење мигранти, покажува полициско – обвинителната статистика. Иако казните се релативно високи, Македонски, но и државјани на Авганистан и Пакистан се одлучувале на криумчарење мигранти, на релацијата од јужната граница кај Гевгелија, до северната граница со Србија, во близината на Куманово.

Има откриени случаи на криумчарени мигранти и во радовишко, битолско, тетовско, но, најголем дел се од автопатот на Гевгелија до Куманово, посебно на делницата кај Демир Капија, Неготино, Велес и Куманово.

Во патнички возила биле пронајдени дури по дваесетина мигранти, а во товарно возило се откриени дури 84 мигранти во еден случај. Статистиката на Јавното обвинителство покажува дека во Македонија само за една година биле пријавени 80 луѓе за криумчарење мигранти.

Ова се само дел, од многуте случаи на криумчарење мигранти, кои во изминатиов период се случиле на територијата на Република Северна Македонија. Голем дел од случаите на криумчарење на мигранти успешно се откриени, а сторителите на ваквите дела се соодветно казнени. За жал, сепак постојат и такви случаи, кои на некаков начин успеале да и се сокријат на правдата.

Измените во законот за казнена кривична политика и постапка на Република Северна Македонија, значи ново современо право реформирано согласно со новите европски текови, кое треба да обезбеди модерна казнена постапка во која максимално ќе се почитуваат човековите слободи и права, но истовремено ќе биде крајно ефикасно. Се разбира дека ваквиот казнен процес или новиот модел на кривична постапка за сите практичари и теоритичари во земјава кои имаат прогресивни идеи би требало, и е , прифатлив, мегутоа секоја промена, а особено вакви радикални промени во системот на постапување носат големи очекувања, но и големи предизвици и опасности.

ГЛАВА 4 ПРАВНА РАМКА НА УРЕДУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

4.1 Домашни извори за уредување на трговија со луѓе и криумчарење мигранти

Во последните неколку години, во светски рамки, но и во Република Северна Македонија, е актуелна темата за трговија со луѓе. Република Северна Македонија не ги исполнува целсоно стандардите за елиминирање на трговијата со луѓе, но прави значителни напори во споредба со претходниот период, и во континуитет се обидува да ги следи и имплементира меѓународните норми и правила кои се однесуваат кон оваа област. Превземени се мерки за спроведување на законот, вклучително и истраги, гонење и осудување на повеќе трговци со луѓе. Важно е да се напомене дека трговијата со луѓе е криминал кој ги руши човековите права, освен тоа, тоа е криминал кој се шири неконтролирано. Илјадници луѓе работат на решавање на проблемот и секојдневно спасуваат жртви на трговијата со луѓе, но очигледно тоа не е доволно. Нашата држава до сега ги има ратификувано најважните меѓународни документи кои се однесуваат на борба против трговијата со луѓе и криминалот од ваков тип. Покрај големиот број на ратификувани меѓународни документи, трговијата со луѓе во Република Северна Македонија е регулирана во најразлични закони, и истата како дело е инкриминирана согласно Кривичниот Законик на Република Северна Македонија.

Од анализите извршени од стручни служби на Министерството за внатрешни работи, жртви на трговијата со луѓе во Република Северна Македонија, најчесто беа жени и девојки по потекло од земјите од Поранешниот Советски Сојуз како и оние кој припаѓале на социјалистичкиот блок на државите, кои на нелегален начин влегле или се внесени преку веке етаблирани мрежи за илегален транзит на мигранти во Република Северна Македонија, а дел остариле легален влез на територијата на нашата земја.

4.2 Кривичен законик

Кривичниот законик во Република Северна Македонија е целосно усогласен со Протоколот од Палермо на Организација на Обединетите Нации и Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа.

Основна правна рамка на трговијата со луѓе во Република Северна Македонија ја сочинуваат членовите 418-б, од Кривичниот законик и Конвенцијата на Обединетите Нации против трговијата со луѓе и организираниот криминал од 2000 година со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца и Протоколот против Криумчарење мигранти по копнен, воден и воздушен пат кои Република Северна Македонија, ги ратификува на 28 Септември 2004 година.

Законската рамка во Република Северна Македонија, доживеа низа на промени низ годините кои што одеа во прилог на зајакнување на борбата против трговијата со луѓе. Република Северна Македонија во поглед на законодавството што го разви, се вбројува во земјите кои што ги задоволуваат стандардите за успешно справување со трговијата со луѓе и се искачи на едно завидно ниво во поглед на останатите земји на Балканот. Заедно со Хрватска, Република Северна Македонија е оценета во групата 1 на извештајот за трговија со луѓе за 2013 година на Американскиот Стејт Департмент-земји кои успешно се справуваат со трговијата на луѓе.

Во февруари 2002 година беше дефинирана трговијата со луѓе како кривично дело во Македнскиот кривичен Законик (КЗ), поглавјето со наслов “Кривични дела против човечноста и меѓународното право”, со воведување на член 418-а, став 1 од Кривичниот Законик(КЗ)кој гласи:

“Тој што со сила, сериозна закана доведува до заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, слабост или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или со примање пари или друга корист добива согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или

слугување, ропство, присилни бракови, присила фертилизација, назаконито посвојување или пресадување делови од човечкото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години".

Други членови од споменатиов Кривичен Законик кои се сметаат релевантни за акција против трговијата со луѓе се:

- Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос (член 418),
- Криумчарење мигранти (член 418-б),
- Организирање група и поттикнување на извршување на акти на трговија со луѓе, криумчарење мигранти и трговија со деца (член418-в).

Исто така, во 2008 година е додаден нов Член 418-г став 1 од Кривичниот Законик насловен како "Трговија со малолетни деца", и наравени се дополнувања на овој член со тоа што е воведена кривична одговорност на правни лица за трговија со луѓе. Последната промена била направена во Февруари 2014 година, кога се направени измени во член 418-а, став 1 и дополнување, при што, зборот фертилизација е заменет со зборот бременост и просење и експлоатација преку легална активност, се додадени во делот на форми на експлоатација, дополнување на Кривичниот Законик споменети во ставот 14, текстот на членот 418-г, став 1 од Кривичниот Законик бил заменет со нов текст во кој зборот, малолетник, бил заменет со дете.

Македонското законодавство не содржи дефинирање на поимот жртва на трговија со луѓе како таква. Во Кривичниот Законик, на Република Северна Македонија, направени се измени во 2008 година кои што го дефинираат поимот, жртва на кривично дело, како, секое лице кое претрпело штета, физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на стореното кривично дело. Во јануари 2008 година, Законикот претрпува промена и во однос со пртоколот кон Конвенцијата за правата на детето, кое се однесува на трговијата на луѓе, детска проституција и детска порнографија. Кај ваквите дејствија не е карактеристична примена на сила и некогаш истите се вршат во согласност со малолетното лице и уништување на идентификационата документација. Изречената согласност од страна на малолетното лице при вршење на ваквите дејствија, а согласно ставот 6 на членот 418-г, не е од никакво значење и не се смета за согласност во вистинска смисла на зборот.

Согласно Европската конвенција за борба против трговијата со луѓе, во 2009 година направени се измени на Кривичниот законик на Република Северна Македонија, со кои се воведе построго казнување на сторителите на кривичните дела во областа на илегалната миграција.

Измените и дополнувањата на Кривичниот Законик, ја зајакнуваат и подобруваат казнено-правната рамка, што е една од главните претпоставки за ефикасност во работата на институциите, надлежни за заштита на слободите и правата во една демократска држава. Воедно, се врши усогласување на казнено-правниот систем на Република Северна Македонија со европските стандарди што е клучен услов за евро-интеграционите процеси во нашата земја.

На никого не може да му се изрече казна или друга кривична санкција за дело кое, пред да е сторено, не било со закон или со меѓународите договори ратификувани согласно со уставот на Република Северна Македонија, определено како кривично дело и за кое не била пропишана.[13]

4.3 Закон за гранична контрола

Од аспект на гранична полиција, особено треба да се имаат во предвид, Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Законот за внатрешни работи и законот за Преминување на државна граница кои содржат одредби кои ги инкриминираат трговијата со луѓе, криумчарењето со мигранти и нелегалниот влез преку државната граница.

Законот за гранична контрола[14], има за цел да ги уреди граничните контроли, надлежностите на полицијата во внатрешноста, соработката помеѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување и меѓународна полициска соработка. Според Законот за гранична контрола, граничната контрола ги опфаќа, работите кои се однесуваат на граничните проверки и на граничниот надзор, таа, исто така, опфаќа анализа на опасностите по националната безбедност и ги анализира заканите кои можат да влијаат на државната граница. Целта на граничната контрола е да се овозможи спречување и откривање на кривични дела и прекршоци, како и откривање на сторителите, заштита на животот, здравјето на луѓето, личната

[13] Член 1 од Кривичниот Законик.
[14] Службен весник на Република Северна Македонија број 171/2010, 41/2014, 148/2015, 55/2016.

сигурност, имотот, животната средина, и откривање на опасности по јавниот ред и мир и правниот поредок.

Граничната полиција, според Законот за гранична контрола, има својство на делување на целата територија на Република Северна Македонија, а со цел поефикасно откривање и спречување на нелегална миграција, незаконско прминување на границата и незаконски престој во внатрешноста на државата, како и спречување и откривање на прекугранични криминал.

4.4 Закон за странците

Со овој закон се уредуваат условите за влез, излез, напуштање, престој, враќање на странците со незаконски престој, како и правата и должностите на странците во Република Северна Македонија. Според членот 2 од овој закон странец е секое лице кое не е државјанин на Република Северна Македонија, како и лице без државјанство, односно лице кое ниедна држава по сила на својот закон не го смета за свој државјанин.[15]

Законот за странците на Република Северна Македонија, предвидува регистрација на странците кои се наоѓаат на територијата на Република Северна Македонија. Така, според Законот за странци, секое лице кое е странец на територијата на Републиката, има должност во рок од 24 часа од влезот на македонската територија да го пријави својот престој во најблиската полициска станица, независно дали за негов влез во Републиката е потребна виза или не. Доколу странец во Република Северна Македонија има намера да престојува подолго од три месеци, тогаш за неговиот престој, потребна е дозвола за привремен престој на странци во Република Северна Македонија. Дозволите за престој се издаваат врз основа и начин утврдени со Законот за странци. Оваа дозвола се издава за определена цел и одреден временски период, и во услови за остварување на наведената цел. Барањето за привремен престој во Република Северна Македонија, странецот го поднесува до дипломатско-конзулното претставништво на Република Северна Македонија во странство, а по исклучок заради хуманитарни причини или други причини утрвдени со закон ваквото барање може да се поднесе и до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. На

[15] Закон за странците, Службен весник на Република Македонија, број35/2016, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/2010, 158/2011, 84/2012, 148/2015.

странците кои имаат намера да престојуваат со постојан престој, се издава дозвола за постојан престој на странец во Република Северна Македонија. Законот за странци во одредени случаи предвидува и присилно протерување на странец во Република Северна Македонија. Како причини за странецот да биде протеран од државата се јавуваат следните: странецот со правосилна пресуда да е осуден на казна затвор во траење најмолку од една година, доколку странецот преставува сериозна опасност за јавниот ред, националната безбедност или меѓународните односи на Република Северна Македонија, доколку постојат сериозни причини да се смета дека странецот е сторител на тешки кривични дела, а особено кривични дела поврзани со производство и пуштање во промет наркотични средства односно дроги, психотропни супстанци или постојат цврсти докази за негова намера да изврши такви кривични дела на територијата на Република Северна Македонија, доколку неговиот престој на територијата е назаконит или повеќе пати изврши повторени или потешки повреди на одредбите на Законот за странци на Република Северна Македонија.

Против лицата со нерегуларен престој на територијата на Република Северна Македонија, кои ги проверуваат и го определува Министервстото за внатрешни работи на републиката се поднесуваат соодветни поднесоци, а истите подлежат на соодветни санкции во согласност со позитивните правни прописи во Република Северна Македонија. Законот за странци на Република Северна Македонија ги предвидува како кривични дела и помагањето на странец при недозволен влез и транзит на територијата на Република Северна Македонија, како и помагање на странец при незаконит престој на територијата на Република Северна Македонија.

Во членот 148 од Законот за странци како кривично дело е одредено дејствието на помагање на странецот недозволено да влезе во Република Северна Македонија или да помине преку истата територија спротивно со одредбите на овој закон. Ако кривичното дело сторителот го направи со намера за себе или за друг во однос на имотна корист тогаш е предвидена казна затвор во траење од најмалку три години, во спротивно законот предвидува парична казна.

Во членот 149 од Законот за странци на Република Северна Македонија како кривично дело е предвидено и помагање на странец за престој во територијата, по што се определува казна затвор во трење на најмалку три години. Доколку истото кривично дело го стори правно лице предвидена е парична казна или привремена

или трајна забрана за вршење на дејноста, како и одземање на превозните средства кои ќе бидат употребени за да се изврши ова кривично дело.

Престојот на странец во државата се регулира со законот за странци кој беше изменет на почетокот на 2022 година. Ваквите измени се применуваат од 04.01.2022 година. Во продолжение, ги издвојувам најважните измени кои треба да се имаат предвид во врска со новиот закон:

- **Престој за изучување на јазик**-можност за регулирање привремен престој со цел изучување јазик кој се изведува со настава,
- **Закана за јавниот поредок, национална безбедност, јавно здравје или меѓународните односи на РСМ-**странецот да не преставува закана за јавниот ред, националната безбедност, јавното здравје или за меѓународните односи на РСМ
- **Дополнителен чекор со постапката во основ вработување**-во случај на самовработување на странец, не се приложува потпишан договор со работодавец, како и доказ за соодветно образование издаден од овластен орган,
- **Специфицирање на документација за упатени работници-**добивање мислење од страна на агенција за вработување, покрај стандардните документи, потребно е да биде приложен договор на странецот со клиентот на РСМ за давање на конкретни услуги,
- **Лицата со престој од потесно семејство, сега можат да работат и да се образоваат по поедноставна процедура**-членовите на потесното семејство да имаат право на образование,
- **Потекло од Македонија-**се смета дека странецот е по потекло од РСМ, од неговото раѓање, барем еден од родителите да е државјанин на РСМ,
- **Намалување на глобите** –значително намалување на глобите за сторени прекршоци, како на правни, така и на физички лица.

4.5 Меѓународни извори за уредување на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти

Меѓународни односи, претставува учење за надворешните работи и глобалните прашања помеѓу одредени држави во меѓународниот систем, вклучувајќи ги улогите на државите, внатрешно-владините организации, невладините организации и

мултинационалните корпорации. Легалниот концепт за независност, кој суштествено значи дека владетелите или законските суверени области немале внатрешна еднаквост со дефинираната територија и не постоеле надворешни претпоставки како најголем авторитет во границите на независната територија.

Меѓународните извори за уредување на трговијата со луѓе, претставуваат меѓународните договори кои државите ги склучуваат меѓусебе. Меѓународниот договор претставува согласност, меѓу две или повеќе држави, којшто создава обврзувачки права и обврски во меѓународното право. Договорите можат да бидат универзални или отворени за онолку држави колку што сакаат да се прилкучат, и ограничени на помала група на држави (две или повеќе).

Со потпишување на меѓународниот договор, државите преземаат задолжителни обврски со меѓународното право. Кога станува збор за меѓународните договори во однос со трговијата на луѓе, државите страни во тој договор се обврзуваат дека ќе обезбедат нивните национални законодавства , политиките и практиките ќе ги исполнат барањата на договорот и истите ке бидат во согласност со стандардите на договорот. Во зависност од изворот, обврските кои ги преземаат државите при пристапувањето и случувањето на ваквите договори се извршни пред меѓународните судови и со соодветна надлежност, како што се Меѓународниот суд на правдата, Меѓународниот кривичен суд, Европскиот суд за човекови права итн.

Мултилатералните меѓународни договори најчесто се склучуваат под покровителство на меѓународни организации како што е, Организацијата на Обединетите Нации, или пак истите се склучуваат под покровителство на регионални организации како што се Европската Унија, Советот на Европа, и слично.

4.6 Документи на Организација на Обединетите Нации

На 8 април 1993 година, тогаш Република Македонија, беше примена како членка на Обединетите Нации. Членството во Обединетите Нации, втемелно врз основните принципи и постулати на Повелбата на ОН, во континуитет ги креира аспектите на мултилатералната димензија на нашата надворешна политика. Воспоставена дипломатска комуникација и соработка во континуитет се зајакнува со активен ангажман и придонес во сите агенции, програми и фондови од системот на Обединетите Нации.

Во 2000 година во време на растечка загриженост околу транснационалниот организиран криминал во кои спаѓаат и криумчарењето на луѓе и трговијата со луѓе, Конвенцијата на Органиирaн криминал, означи значајна пресвртница во глобалниот одговор на проблемот. Целната задача е да се охрабрат државите кои немаат одредби против организираниот криминал да донесат релеванти противмерки и да ги воспостават потребните законски рамки. Исто така се стремат кон елеминирање на прибежиштата на организираниот криминал, обезбедувајки поефикасен и поефективен глобален напор, за спречување и борба против феноменот.

Република Северна Македонија, има постојан позитивен и активен однос кон Обединетите Нации и во рамките на нашите можности учествуваме во работата на организацијата во сите комитети, комисии и формални и неформални групи на кои им припаѓа.

Организацијата на Обединетите Нации има донесено неколку меѓународни договори кои се од значење на трговија со луѓе како кривични дела кои произлегуваат од неа. Најзначајни меѓународни документи на Организацијата на Обединетите Нации во овој поглед се Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот Организиран криминал, Протоколот на Обединетите Нации за Криумчарење мигранти, како и Протоколот на Обединетите Нации за трговија со луѓе.

4.6.1 Конвенција на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал

Континуирана релевантност или адаптабилност и флексибилност, својствени водечки елементи за формулирање на овој водечки меѓународен инструмент.

Конвенцијата на Обединетие Нации против транснационалниот организиран криминал, претставува обврзувачки анти-корупциски меѓународен инструмент. Целта на оваа конвенција е да ја унапреди соработката заради превенција и поефикасна борба против транснационалниот организиран криминал. Оваа конвенција се применува, освен ако поинаку не е предвидено (кога една група составена од три или повеќе лица и постои определен период и која дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела), кога овие кривични дела се од транснационална природа и кога во неа е инволвирана организирана криминална група.

Голем број на домашни невладини организации преземаа различни активности во доменот со трговијата со луѓе, меѓутоа, нивното внимание беше насочено и фокусирано главно на превенција на потенцијалните жртви или давање помош на идентификуваните жртви на трговија со луѓе

По усвојувањето на Конвенцијата на транснационалниот организран криминал, организираниот криминал останува како комплексен феномен, со кој ниедна држава не може изолирано да се бори. Организираните криминални групи, и нивниот модус, непроценливо и бргу се размножуваат и шират, како резултат на структурните промени, искористувајќи ги можностите создадени од пандемијата КОВИД-19, со што премногу бргу се користат незаконските деловни можности. Заедничката акција, против транснационалниот организиран криминал бара сеопфатни механизми за соработка и на национално и меѓународно ниво.

Со конвенцијата на транснационалниот организираниот криминал, се признаваат конкретните кривични дела и улогата во спроведување на законот, гонењето, пресудувањето во борба со организираниот криминал. Примарната обврска на Конвенцијата, се однесува на имплементација на конкретно однесување. Од државите странки се бара да инкриминираат учество во организирана криминална група, перење на приходите од криминалот, корупција во јавниот сектор, и попречување на правдата.

Конвенцијата на Организација на Обеденитети Нации, утврдува низа мерки кои треба да ги усвојат државите-страни, со цел да се подобри соработката на органите надлежни за спроведување на законот.



Слика 3 Организиран криминал како транснационален систем

4.6.2 Протокол на Обединетите Нации за криумчарење мигранти

Ефикасното делување за превенција и борба против криумчарење на мигранти, бара сеопфатен меѓународен пристап, вклучувајки и соработка, размена на податоци и други соодветни мерки, вклучувајки ги на национално и меѓународно ниво.

Целите на Протоколот на Обединетите Нации за криумчарење мигранти, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал се:

- Спречување и борба против криумчарење мигранти, како и промовирање и соработка помеѓу државите страни за таа цел.

Главните обврски на државите страни кон протколот се следниве:

- Да го инкриминираат "криумчарењето мигранти", користењето на лажни патни или исправи за идентификација (заради криумчарење) и помагањето на криумчарените мигранти нелегално да останат во некоја земја-истовремено признавајки дека миграцијата сама по себе не е кривично дело,
- Да поттикнуваат меѓународна соработка за спречување на криумчарење мигранти и да ги бараат и да ги гонат криумчарите,
- Да усвојуваат такви законодавни и други мерки какви што се потребни за олеснување на посторого казнување кога активностите на криумчарите се загрозуваат, или веројатно ќе го загрозат животот или безбедноста на засегнатите мигранти, или ќе повлечат нечовечко или понижувачко однесување, вклучувајки и експлоатација на тие мигранти,
- Меѓусебно да разменуваат, во согласност со своите соодветни домашни правни и административни системи, релевантни информации за работа во врска со рутите, модус операнди и идентитетот на организираните криминални банди вклучени по криумчарењето мигранти, како и легислативни искуства и практики, и научни-техниччки искуства корисни за органите за спроведување на законот, за да се подобри способноста за превенција, откривање, истражување на тие активности и прогон на сторителите,

- Да ја зајакнат граничната контрола што можеби е потребна за спречување и откривање на криумчарењето мигранти, без да се повредат меѓународните обврски за слободното движење на луѓето.

4.6.3 Проткол на Обединетите Нации за трговија со луѓе

Протоколот за спречување , потиснување и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца (исто така познат како протоколот од Палермо), трговијата со луѓе ја дефинира како, врбување, превезување, пренесување, засолнување, или примање на луѓе, со помош на закана или примена на сила или други форми на принуда, киднапирање, измама, лага, злоупотреба насила или состојба на беспомошност или давање и примање на плаќања или средства, за да се добие согласност од лице за контрола врз друго лице, со цел за експлоатација.

Протоколот на Обединетите Нации, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал, е најважниот од сите мегународни договори за трговија со луѓе. Тој бара државите да ја инкриминираат трговија со луѓе, како и поврзаните престапи.

Целите на протокол се:

- Спречување и борба против трговијата со луѓе, обрнувајки особено внимание на жените и децата,
- Помагање на жртвите на таа трговија, со целосно почитување на нивните човекови права,
- Промовирање соработка помеѓу државите-страни за да се исполнат тие цели.

Главните обврски на државите-страни кон протоколот се следниве:

- Да ја инкриминираат Трговијата со луѓе како што е дефинирана во Протоколот и да наметнат казни што ја земаат предвид тешката природа на тој престап,
- Да ги заштитат, до одреден степен според домашното право, приватноста и идентитетот на жртвите на трговијата на луѓе и да разгледат обезбедувње низа социјални услуги за да им овозможат заздравување од траумата предвидена со нивните искуства,

- Да обезбедат правниот систем да содржи правни мерки што на жртвите им нудат можност за спречување на трговијата со луѓе, без тоа да ги повреди другите меѓународни обврски со кои се овозможува слободно движење на луѓе,
- Да обезбедат интегритет на националните патни или исправи за идентификување и бргу да постапуваат во одговор на барањата за верификација на тие документи,
- Да ја зајакнат, според потребите, соработката со другите држави при размена на информации поврзани со идентитети, измамничко користење на документи, и во врска со средствата и методите што го користат трговците,
- Да се разгледаат можностите за дозволување на жртвите да останат на нивна територија, постојано или привремено, земајќи ги предвид хуманитарните и факторите за сочуство,
- Да прифатат враќање на жртви на трговија кои се нивни државјани, или кои имале постојан престој во нивната териоторија во времето на влез на државата-примател.

За ефикасно да се совлада трговијата со луѓе преку меѓународните граници, потребно е помагање и соработка помеѓу државите. ОБСЕ, (Организација за безбедност и соработка во Европа), ад хок меѓувладина организација од Повелбата на Обединетите Нации, е еден од водечките органи за борба со овој проблем на трговија со луѓе.

Исто така, Протоколот од Палермо ги исцртува и контурите на заштита на жртвите. Во контекст на рамката која овој Протокол ја поставува во врска со заштитата на жртвата, се предвидува: помош и заштита на жртвите на трговијата со луѓе (член 6) утврдување статус на жртвата на трговија со луѓе (член 7) и репатријација на жртви на трговија со луѓе (член 8).

Заради поуспешно справување со трговијата со луѓе, и, воопшто со организираниот криминал, а истовремено и со усогласување на домашното законодавство со потпишаната Конвенција на Обединетите Нации (ОН), против транснационалниот организиран криминал и нејзините два протокола[16] , направени се промени во Кривичниот Законик и Законот за Кривична постапка.

[16] Протокол за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден и воздушен пат.

Недостатокот на подетална емпириска односно научна анализа на состојбата на Република Северна Македонија по прашањето на успешноста на судството во справувањето на овој вид на криминал уште повеке го нагласува значењето во истражувањето на овој општоопфатен предмет.

Податоците можат да послужат како сеопфатен репер за постигнување на на резултати на полето на борбата против организираниот криминал, но и како адеквантна основа во понатамошното планирање на активностите.

Набљудувањето на предметите во основните судови, обработката на информациите добиени при мониторингот, како и хронолошкото следење на податоците за пресудените предмети од 2004 година покажува пад[17] во однос на оценката од страна на Стејд Департментот[18] стои меѓу другото дека судскиот систем не успеал да обезбеди адекватно и ефикано гонење како и сакционирање и преведување, како и во 2005 година, па до ден денес, овозможува утврдување на тоа дали ваквата оценка на меѓународната заедница е одржлива или не и дали навистина Република Северная Македонија бележи назадување во сузбивање на овој вид на организиран криминал.

Анализата на огромниот број фактори кои влијаат врз должината на постапката на предметите од областа на организираниот криминал може да упати на слабостите кои доведуваат до одолговлекување на постапката и на начинот за нивно надминување. Состојбата и движењето на криминалот во секоја земја ја детерминира криминалната политика односно ги детерминира средствата и методите што се употребуваат за ефикасна заштита на човековите слободи и права како и другите општествени вредности и добра. Колку законодавството во Република Северна Македонија ја следи казнената ориентација на поголемиот број на Европски земји во поглед на санкционирање на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал, особено трговија со луѓе и криумчарењето на мигранти, и колку тенденцијата на нашата политика односно блага политика на нашата практика при судското одмерување на казната е во согласност со вредносната рамка утврдена во Кривичниот Законик.

4.7 Регионални документи за уредување на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти

[17] U.S. Department of State, Trafficking in Persons Report, 2005
[18] U.S. Department of State, Trafficking in Persons Report, 2004

Меѓународната правна рамка за трговијата со луѓе, вклучува специјални договори склучени меѓу регионални групации на држави. Еден многу значаен документ во овој однос е Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе 2005 година, која влезе во сила во 2008 година. Европската конвенција за меѓународна помош по кривичните прашања беше отворена за потпишување од страна на земјите-членки на Советот на Европа. Таа се однесува на прашања како барања за испитувања на сведоци или вештаци, достава на службени документи и суски одлуки, повикување на сведоци и пренос на информации од судска евиденција. Беа утврдени голем број на начела по кривичните барања. Таквата помош треба да биде независна од екстрадицијата во тоа што треба да биде одобрена дури и во случаи кога екстрадицијата била одбиена.

Не постои конкретен регионален пример за криумчарење мигранти, меѓутоа Конвенцијата за полициска соработка, ги покрива сите аспекти на меѓународна соработка меѓу агенциите за спроведување на законот во врска со сите форми на криминал, вклучувајки ги и трговијата со луѓе и криумчарење на мигранти. Иако, регионалните договори им наметнуваат обврски само на државите што се нивни страни, тие можат на сите земји да им дадат корисен увид во стандардите кои се развиваат.

Регионалните договори, како и секој друг меѓународен договор, им наметнуваат обврска само на држави – страни на договорот, но тие можат на сите земји да им донесат корисен увид во поглед на стандардите кои се развиваат. Регионалните договори, исто така, придонесуваат и во развивањето на меѓународното обичајно право во поглед на конкретно прашање или област.

На регионално, односно европско ниво, најзначаен документ за борба против трговијата со луѓе е Конвенцијата з акција против трговија со луѓе, донесена од страна на Советот на Европа 2005 година. Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе на 27 Мај 2009 година, а на 1 Септември 2009 година Конвенцијата влезе во сила Дефиницијата за трговијата со луѓе предвидена со протоколот е скоро пресликана во член 4 на оваа Конвенција нна Советот на Европа. Притоа, членот 1 од Конвенцијата вклучува пристап базиран на човечки права во трговијата со луѓе. Тој утврдува дека Конвенцијата се занимава со: спречување на трговијата со луѓе, заштита на жртвите на трговија со луѓе и гонење на сторителите на трговијата со

луѓе. Исто така, оваа справување со транснационалниот организиран криминал, вклучува и стандарди за справување со внатрешната трговија со луѓе и трговијата што не вклучува организирана криминална група. Главниот фокус на Конвенцијата е, сепак, заштита на правата на жртвите и нивната целокупна благосостојба.

4.8 Домашни документи за уредување на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти

Владата на Република Северна Македонија, реагирајќи одлучно против трговијата со луѓе и криумчарењето или нелегалната миграција, сакајќи да постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување во борба против овие појави во Република Северна Македонија, донесе одлука за формирање на Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Северна Македонија.[19] Врз основа на оваа одлука, владата реши за именување на национален координатор и членови на Националната комисија.[20] Националната Комисија има задача да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција и да ги координира активностите на надлежните институции и меѓународните и невладини организации кои се вклучени во решавањето на проблемите во оваа област. Секретаријатот е тело кое функционира во рамките на Националната комисија, а секретарот ги реализира одлуките на Комисијата и го претставува ова тело, во кои учествуваат и претставници на меѓународните невладини организации и експерти од владините институции.

Законите од домашното право, се доволни да се подржи барање и кога не постои спогодба помеѓу државите. Домашните закони, обично даваат значајни информации за опсегот на помошта која може да се обезбеди и за основот на одбивање. Тие исто така, ќе ги утврдат предусловите кои треба да се исполнат, и постапките кои треба да се следат.

---

[19] Одлуката е објавена во Службен весник на РСМ, бр18/2001.
[20] Решението е објавено во Службен весник на РСМ, 19/2001, 26/2002

ГЛАВА 5 ПРЕВЕНЦИЈА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И СУЗБИВАЊЕ НА КРИУМЧАРЕЊЕТО СО МИГРАНТИ

5.1 Мерки и стратегија за превенција на трговија со луѓе и криумчарење мигранти

Со стратегијата за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Северна Македонија, Националната комисија има за цел да ги постави насоките и приоритетите за справување со овој криминален феномен.

Народски кажано, а често употребуван израз дека е "подобро да е спречи отколку да се лечи". Во однос на мерките и стратегиите за организиран криминал, спречувањето се состои од отежнување на криминалните групи да земат замав во општествата, да врбуваат нови членови, да стекнат подршка, да продрат во политичките институции, да се инфилтрираат во економијата, и конечно, да го оспорат авторитетот на државата. Мерките и стратегијата за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија, има за цел јасно да ги постави целите и насоките и приоритетите за справување со овој криминален феномен и давајќи потик за намалување на овој вид на кривично дело. Ова, соодвето бара поголема социјална, економска и политичка отпорност на организираниот криминал, особено во ранливите заедници, затворање на патишта за врбување заради криминал и спречување на инфилтрација во легалниот сектор и економијата. Преточувањето на принципот за спречување во цели треба да се води од јасно разбирање на начините на кои организираниот криминал зема замав во даден контекст и бара стратешка анализа за објаснување на истата.

Тргнувајки од уставните одредби за основните човекови слободи и права на човекот и граѓанинот и почитувањето на сеопфатните норми на меѓународното право се утврдуваат како фундаментални принципи на уставното уредување, а имајќи ја предвид Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал со протоколите, Република Северна Македонија во 2002 година донесе Национална програма за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција со единствена интенција, активно да се вклучи во напорите на меѓународната заедница за превенција и борба против трговијата со луѓе, како еден од најтешките облици на организираниот криминал. Во оваа насока се и активностите кои се преземаа, пред се, поради грижата што државата ја презема за безбедноста и личниот интегритет на граѓаните, со цел за нивна заштита од активностите на криминалните организации кои се занимаваат со трговија на луѓе и криумчарење на мигранти. Еклатантен пример за потврда на ваквиот став, претставува постојаното законодавство кое колку и да е усогласено има ограничена вредност, ако нема поддршка од владејачката структура и политичка волја за негова непосредна и безусловна примена. Поради комплексност на феноменот на трговија со луѓе и криумчарење мигранти, што имплицира корелација со останатите облици на организираниот криминал поради глобализацијата и непостоењето на границите меѓу државите-членки на Европската Унија, што ја овозможува неговата транснационалност, како неопходност се јавува потребата националната стратегија во иднина да биде фундирана на мултидисциплинарен методолошки пристап при користење на искуства од практиката и искуства од останатите земји на регионот и пошироко со цел за поуспешна борба против овој најтежок облик на софистицирано ропство.

Република Северна Македонија, согласно со меѓународните стандарди, ги гради сопствените капацитети за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција од 2001 година. Истовремено, со институциите од општа надлежност за проблематикава, е развиено и партнерство со граѓанскиот сектор вклучен во превенција, заштита, помош и подршка, борба и интеграција на борба и заштита на жртвите од трговија со луѓе и криумчарење или нелегална миграција. Република Севена Македонија од етаблирањето на Националната комисија, помина низ неколку фази и направи значајни чекори во насока на усогласување на законодавната рамка со стандардите на Европската Унија на полето на борба против трговијата со луѓе. Од исклучително значење е да се работи на преземање дејства со кои ке се

продлабочат активностите, кои до сега беа операционализирани на превентивен план со единствена интенција спречување на овој облик на организиран криминал. Во таа насока и во иднина активностите ќе ги анализираат и редукцијата на економските и социјални фактори што влијаат на процентуалната застапеност на жртвите што влијаат на процентуалната застапеност на жртвите на трговија со луѓе.

Следењето и прценката се многу важни елементи и меѓусебно поврзани алатки што се важни за успешна реализација на стратегиските цели во однос на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти. Следењето, всушност значи активност за системско и континуирано собирање, анализа и употреба на информации за контрола, идентификување и преземање корективни односи и активности во справувањето на јавните политики во врска со борба против трговијата со луѓе и криумчарењето или илегалната миграција во Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија, како држава која настојува да стане членка на Европската Унија, има поминато низ неколку фази и направи значајни чекори во насока на усогласување на националната законодавна рамка со стандардите на Европската Унија во полето на илегалната миграција, трговијата со луѓе како и криумчарењето на мигранти. Со сето ова нашата држава покажува одлучност и понатаму да продолжи успешно да се справува со полето на нашето истражување и да работи на унапредување на превенцијата во оваа област.

Во 2017 година, Владата на Република Северна Македонија, преку министреството за труд и социјална политика, изработи и предложи стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Северна Македонија 2017-2027 година. Преку оваа стратегија, Владата на Република Северна Македонија предлага локална интеграција на бегалците како едно од трите можни трајни решенија. Според Владата другите две решенија се враќање на бегалците во земјата на потекло или пак нивно преселување во трета земја.

Според стратегијата на владата, локалната интеграција би била важна за луѓето кои не можат да се вратат во сопствената земја на потекло, подолог временски период во иднина. Локалната интеграција би им овозможила на бегалците да ги обноват своите животи, а нивниот престој во државата да стане самоодржлив и со својот нов живот да придонесуваат во општеството земја домаќин.

Како заклучок во овој дел би го напоменал фактот, дека не треба да се занемарат и другите две трајни решенија кои ги спомнав погоре, во однос на враќање на бегалците во земјата на потекло и преселување на бегалците во трета земја, од

причини на локална интеграција. Изградбата на конзистентен и постојан систем за едукација и подигнувње на свест за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранити е исто така податок кој не треба да се знамеари.

5.2 Меѓународна соработка во спречување на трговија со луѓе и криумчарење мигранти

Националната програма за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција како и криумчарењето мигранти во Република Северна Македонија, во делот кој се однесува за меѓународната соработка и координација во извршување на законите, ги завртува основните стратегиски цели и специфични активности, како и носители на активностите за создавање услови на меѓународна соработка и координација во гонење на сторителите на кривични дела кои се однесуваат на трговијата со луѓе. Со оглед на транснационалниот карактер на трговијата со луѓе, неоходен е мултиагенциски и меѓународен пристап во размена на информации, податоци и сознанија за сторителите на овој вид на криминални активности, како и во превентивните мерки и акции, идентификација и заштита на жртвите, и начинот на координација и оставрување на кривично гонење.

Соработката на овој сектор во делот на трговијата со луѓе се одвива во повеќе насоки со цел идентификација на причините за појава на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти, анлизи за етаблирање на механизми за нивно сузбивање и спречување на регионално ниво, како и на меѓународен план. Размена на информации, сознанија и податоци меѓу државите која се реализира е со цел идентификување, пронаоѓање, сузбивање, апсење и гонење, односно обвинување на лица или организации, вклучени во трговијата со луѓе и нелегеланата миграција, откривање и затворање на патишта, односно каналите и рутите за трговија, криумчарење со луѓе и илегална миграција, идентификување на жртвите од овој вид криминални активности и нивна репартијација во матичните земји, соодветна грижа, враќање и реинтеграција на жртвите, особено на ризичните групи, како што се жените и децата, пронаоѓање и обезбедување на сведоци веќе репатрирани во матичните земји и потребни за сведочење пред надлежните судови во Република Северна Македонија, реализирање на можноста за сослушување преку телефонска и видеоконференција, како и согледување на модусот операнди за извршување на кривични дела од оваа област. Воедно Република Северна Македонија зеде учество

во регионални оперативни акции од оваа област, координирани од страна на СЕКИ-центарот. За одбележување е пратктиката за преземање дејствија за пронаоѓање странски државјанки, жртви на трговијата со луѓе кои се рапатрирани во нивните матични земји, а се потребни за сведочење во поведени кривични постапки пред надлежните судови против обвинети за кривични дела од областа на трговијата со луѓе, која се реализира преку СЕКИ-центарот.[21] Во делот за пронаоѓање на податоците за сведоците преку СЕКИ-центарот реализирана е соработка со МВР на Романија, Молдавија, Бугарија, Украина како и други земји чии сведоци се потребни за сведочење. Од особена Важност за Република Северна Македонија е реализираната соработка преку СЕКИ-центарот со Молдавија во реализирање на видео-конференциско сослушување на сведок од Молдавија пред Оновниот суд во Тетово. Ова е единствен сличај во регионот на ваков начин да се изврши сослушување на сведок од друга држава. Регионалната соработка на ова поле е процес на кој му се посветува особено внимание. Согласно со заклучоците, усвоени на состанокот за националните координатори за борба против трговијата со луѓе во Загреб, постигнат е општ консензус дека постојаната регионална соработка на полето на сузбивањето и спречувањето на трговијата со луѓе, треба да ја зајакнат, во континуитет, особено по завршување на мандатот на работната група за борба против трговијата со луѓе на Пактот за стабилност. Како резултат на продолжувањето со силна подршка на професионален развој на полицијата, јавното обвинителство и судството во Република Северна Македонија, на полето на справување со проблемот трговија со луѓе и криумчарење, Секретеријатот во соработка со своите членови и експерти кои работат во оваа област, работат на спроведување на некои проекти од КАРДС програмата. [22]

Кога станува збор за илегална миграција и криумчарење мигранти, согласно Националната програма за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, најголем дел од предвидените активности припаѓаат во делокругот на работата на Министерството за внатрешни работи. Заради поефикасно спречување и делување, документирање и процесирање на кривичното дело криумчарење со мигранти, како и другите кривични дела од областа на илегалната миграција, во рамки на

[21] Основан 1999 година, одбележување и преземање активности за пронаоѓање на странски државјани, жртви на трговија со луѓе.

[22] Советот на Министри на ЕУ во 2000 година, донесе одлука со која се воспостави КАРДС програмата, како програма за помош на ЕУ на државите кои припаѓаат на Процесот за стабилизација и асоцијација.

Министерството за внатрешни работи се формираат посебни групи односно организациони групи и единици кои се занимаваат со оваа проблематика. Согласно законските одредби, овластени службени лица при Министерството за внатрешни работи, во рамки на нивните работни задачи, прибираат оперативни информации и сознанија, на што доколку се утврдат елементи на кривична дело се поднесува кривична пријава до надлежниот Јавен обвинител, кој пак понатаму го процесира делото пред надлежните судови. Покрај Министерствот за внатрешни работи, согласно Националната програма, вклучени се и Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика како и Министерството за здравство.

Кога станува збор за сузбивање и спречување на криумчарење мигранти, како и на илегална миграција, активна и клучна улога игра координацијата и соработката помеѓу сите надлежни институции во Република Северна Македонија како и во регионот и пошироко, кои се занимаваат со оваа проблематика. Покрај организираната координација и меѓуинституционална соработка, Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, како и криумчарењето мигранти, организира и обука на вработените во Министерството за внатрешни работи, Јавните обвинители и судиите во поглед на сузбивањето и спречувањето на криумчарење мигранти, трговијата со луѓе и илегалната миграција.

ГЛАВА 6 ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Трговија со луѓе е многу повеќе од едноставно пренесување на некое лице од едно место до друго против негова волја и повеќе од принудување на некого да работи во лоши услови. Подетално кога ќе се рагледа дефиницијата за трговија со луѓе, согледуваме како се случува трговија со луѓе и што се може да доживее лицето кое е жртва на таа трговија.

Трговијата на луѓе најчесто започнува со лажно ветување за поволна можност. Во некои случаи жртвата е свесна дека ке биде вклучена во одредени активности, но не знае под какви услови ќе се случува целиот процес. Во други ситуации жртвата очекува дека ке биде вработена во накаква форма на легални активности, но кога ќе пристигне на крајната дестинација, се принудува да работи во друг вид на активности.


Постојат и трговци на луѓе кои со сила ги грабнуваат своите жртви.

Иако националните законитости и законски регулативи и дефинициите за трговија со луѓе се разликуваат од држава во држава, во основа се знае дека основен елемент на криминалот на трговијата со луѓе процес на носење на жртвите од едно место на друго, иако не секогаш тоа значи преминување на границата. Жртвите можат да се транспортираат интерно, да се примат и засолнуваат безбедно пред да се пренесат надвор од државата. Времето кое жртвата го поминува во целокупниот процес се разликува од случај во случај. Во зависност од методите кои се користат, можно е да не постојат транзитни точки, туку едноставно жртвите на трговијата со луѓе да се пренесат од едно место до друго. Жртвите најчесто се придружени од членови на мрежата за трговија со луѓе, кои имаат искуство во преминување преку гранични премини или аеродроми. Иако повеќе жртви се доведени во заблуда уште пред да ги напуштат своите домови, понекогаш измамата се случува покасно (прокриумчарен мигрант).

Експлоатацијата е суштината на трговијата со луѓе. Трговците ги пренесуваат своите жртви едноставно со цел да се профитираат од нивната експлоатација. Експлоататорскиот однос најчесто започнува веднаш после пристигнувањето на жртвите на нивните крајни дестинации.

Од сево ова, сликовито ќе ви го претставам процесот на жртвите на трговија со луѓе, односно како функционира целиот овој процес.[23]

[23] Модули за обука против трговија со луѓе



Слика 4 Процес низ кој поминуваат жртвите на трговија со луѓе

Идентификацијата е процес со кој преку низа показатели се добиваат информации (интервју, материјални докази и др.), врз основа на кои се врши проценка дали лицето е жртва на трговија со луѓе. По идентификацијата, на жртвите им се обезбедуваат неопходни мерки за заштита на нивната физичка безбедност, права и сигурност дека ќе добијат пристап до соодветна помош и подршка.

Во идентификацијата на жртвите најзначајна улога играат индикаторите, односно индикаторите за идентификација и упатување на жртвите на трговија со луѓе.

Идентификацијата е процес со кој преку низа индикатори (показатели) се добиваат информации, вбрз основа ма кои се врши проценка дали определено лице е жртва на трговијата со луѓе. По идентификацијата, на жртвите им се обезбедуваат неопходните мерки за заштита на нвната безбедност и права, како и за добивање на пристап до соодветна помош и подршка. Прашањето на индикаторите за идентификација и упатување на жртви на трговија со луѓе е регуларно со стандардни оперативни процедури.

Индикаторите претставуваат показатели или знаци кои укажуваат на можно постоење на трговија со луѓе, која се потврдува врз основа на извршена анализа и проценка по вкупно собраните информации, извршеното интервју и однесувањето на лицата. Меѓутоа треба да се има предвид дека не сите наведени фактори се присутни во дадени ситуации. Поради повеќе причини, често не е можно да се добијат сеопфатни информации за постоење на директни индикатори на трговијата со луѓе, кои се неопходен елемент за идентификација на жртвите на трговија со луѓе. Идентификацијата е долготраен процес кој минува низ неколку фази, а жртвата првично се идентификува како потенцијална жртва на трговија со луѓе. Сетот од индикатори може да се користи како практичен водич за проценка која ја прават задолжителните службени лица, кои контактираат со жртвите на трговијата со луѓе.

Индикаторите за идентификација на жртви на трговија со луѓе се делат на директни и индиректни фактори за идентификација на жртвите на трговија со луѓе.

Директните индикатори исторски се однесуваат на трите елементи на дефиницијата на трговијата со луѓе, (исклучок се децата за кои не е потребно да постојат индикатори кои упатуваат на присуство на средствата).

Директните индикатори се делат на општи и специфични индикатори.

Општи индикатори потенцираат некои од факторите кои можат да значат дека лицата се жртви на трговијата со луѓе. Тие се општи по природа, и не се применливи за сите видови трговија со луѓе.

Во специфични индикатори можат да се набројат сексуалната експлоатација, трудовата експлоатација, питачење и ситен криминал, домашно слугување, присилни бракови, посвојување, што значи дека станува збор за поосетлива тема кога станува збор за жртви на трговијата на луѓе која ги опфаќа специфичните индикатори на трговија на луѓе.

Активности	Со помош на	Средства	За цели на	Експлоатација
• регрутирање, • врбување, • превезување, • пренесување, • прифаќање, • засолнување, • купување/продавање на жртвите на трговија со луѓе.		• закана по личен живот и живот на семејство, • принуда, • грабнување, • лага, • измама (делумна или целосна), • залажување, • употреба на сила, • злоупотреба на позиција, • давање или примање на пари, • состојбата на бременост, • немоќ/ранливост • физичка или ментална неспособност,		• сите форми на сексуална експлоатација, • порнографија, • принудна работа или слугување, • ропство, практики слични на ропство, • присилни бракови, • присилна фертилизација, • незаконито посвојување, • питачење, • вршење на ситен криминал и • недозволено пресадување

[24]

Слика 5 Индикатори за идентификација на жртвите на трговија со луѓе

Индиректни индикатори за идентификација на трговија со луѓе ги вклучуваат трите елементи од дефиницијата на трговија со луѓе, односно содржат непотполни и комбинирани информации, одредени во некој случај, кои не се доволни за да се идентификуваат жртвите на трговијата.

6.1 Постапка за идентификација на жртви на трговија со луѓе

Општо познато е дека во зависност од локалните услови и законската регулатива, жртвите на трговија со луѓе можат да бидат идентификувани од страна на различни агенти вработени во агенции чии основни цели се твите на трговија со луѓе, односно тие би можеле да бидат полицијата, агенции за социјални услуги, меѓународни организации, невладини организации, други заинтересирани граѓани, па дури и други жртви на трговија со луѓе.

[24] Индикатори за идентификација на жртви на трговија со луѓе

Идентификацијата на жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија е заснована на прецизно дефинирана методологија, по која постапуваат институциите и организациите. Постапката на идентификувањето и упатувањето на жртви на трговија со луѓе е уредена со Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, во кои детално е утврден начинот на постапување со претпоставени жртви, како и со лицата на кои им е утврден статус жртви на трговија со луѓе. Ревидираната верзија на Стандардните оперативни процедури од 2010 година беше во примена до ноември 2018 година, кога беа усвоени нови стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе. Согласно овие процедури, по првичниот контакт со лицето и утврдување на околности кои упатуваат на оправдано сомневање дека лицето е претпоставена жртва на трговија со луѓе, лицето се упатува до надлежниот орган за првично упатување. Надлежни органи за прво упатување се Националниот механизам за упатување, Центарот за социјални работи, Министерството за труд и социјална политика и Единицата за трговија со луѓе и криумчарење на мигранти при Министерството за внатрешни работи, а од 2018 година и Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, кои официјално го идентификуваат лицето (како жртва на трговија со луѓе). Надлежниот орган го утврдува идентитетот на претпоставената (потенцијалната) жртва прибира информации од жртвата и ги утврдува нејзините потреби. Врз основа на прибраните податоци и со користење на индикатори се врши рана проценка на ризикот. Конечно, со цел утврдување на сите факти и околности од значење на постапката, со потенцијалната жртва се спроведува интервју за утврдување на статусот на жртва на трговија со луѓе. Со помош на преведувач, интервјуто се спроведува на јазик разбирлив за жртвата. Доколку се утврди статус на жртва на трговија со луѓе или, на претпоставена жртва, следува период на рефлексија и закрепнување, во кој жртвата престојува во Центар за жртви на трговија со луѓе или во Прифатниот центар за странци. Покрај Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, надлежните органи, во постапувањето ги земаат предвид и Стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи лица-странци и Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца-странци.[25]

[25] Спречување и борба против трговија со луѓе во РСМ-брошура заштита на жртвите на трговија со луѓе

Основни права на жртвите на трговија со луѓе во сите фази на домашната кривична постапка се информирање на жртвата на трговија со луѓе, привремен престој на жртвата на трговија со луѓе, жртвата на трговија со луѓе има право и на полномошник во текот на сите фази на постапката, бесплантна правна помош на жртвите на трговија со луѓе, процесна заштита на жртвите што подразбира, мерките за заштита превенираат виктимизација на жртвата преку повторување на својот исказ, навраќање на траумата, потенцирање на чувството на страв и срам од настаните во кои била жртва. Процесната заштита ја дава судот по сопствена оценка или по предлог на јавниот обвинител или на жртвата. Судот при определувањето на процесната заштита мора да ја земе предвид волјата на жртвата. Од правата на жртвите на трговија со луѓе е и заштита и безбедност на жртвата на трговија со луѓе, неказнување на жртвите на трговија со луѓе како и надомест на штета на жртвите на трговија со луѓе. Жртвите на трговија со луѓе имаат право да учествуваат во кривичната постапка како оштетени со приклучување кон кривичниот прогон и/или за остварување на имотно-правно барање за штета. Правдата за жртвите на трговија со луѓе подразбира спроведување на ефикасна истрага; учество на жртвата во постапката; утврдување на вистината; казнување на сторителот и соодветна компензација за претрпената материјални и нематеријална штета на жртвата. По правосилноста на одлуката за надомест на материјална и нематеријална штета во граѓанска или во кривична постапка, жртвата има право да иницира постапка за наплата на досудениот износ во постапка пред надлежен извршител. За дете-жртва на трговија со луѓе доколку надоместот на материјална и нематеријална штета не може да се наплати од сторителот/ите, средствата се обезбедени од посебна програма на Министерството за правда. Отсуствува механизам за обесштетување на полнолетните жртвите на трговија со луѓе во случај кога имотно-правното побарување не можат да го остварат од осудениот сторител на кривични дела поврзани со трговија со луѓе.

Идентификацијата на жртвите всушност ги опфаќа сите елементи и чекори што се превземаат за да процени дали некое лице или група составена од повеќе лица се жртви на трговијата со луѓе или криумчарење на нелегални мигранти или лица вклучени во други случаи.

Меѓутоа, многу добро познато ни е дека ваквите нерегуларни движење се нелегални и се одвиваат низ многу рути и низ многу земји со различни политички и

географски миграциски движења и секако се од страна на луѓе кои се ранлици на трговија на луѓе и екплоатација.

Процесот на идентификација секако е многу сложен и комплексен процес, кога зборуваме за него се мисли веднаш на криминални активности кои секако трговијата со луѓе е една од најкомплексните по природа по фактот што станува збор за жртви луѓе кои тешко и ретко се идентификуваат поради природата на самото искуство на трговијата на луѓе и секако експлоатацијата.

За разлика од другите злосторства и криминални активности, трговијата со луѓе ретко се идентификува, а во голем број случаеви дури слчајот не се пријавува до надлежните институции односно одговорните институции. Секако ова е реултат на недоволното информирање и недоволноста на кои подлежат повеке фактори од кои некои од ни се:

- Страв од трговците со луѓе, или поради употреба на сила или закана за насилство врз жртвата или врз семејството или блиските.
- За да преживеат, жртвите прифаќаат различни негативни техники за справување, како бришење на сеќавањата од умот, преземање улоги за возрасни во случаи на деца, избегнување на зборување за искуството или имитирање на однесувањето на насилникот.
- Може да страдаат од Стокхолмскиот синдром21, при што со текот на времето, тие развиле погрешна приврзаност/врска со трговецот со луѓе.
- Може да страдаат од посттрауматски стрес и губење на меморијата – многу честа последица од трговијата со луѓе особено во случаи кога жртвата преживеала сериозно страдање од рацете на трговците со луѓе, и тоа силување, тепање, злоупотреба и друго.
- Јазична бариера и недостаток на доверба во институциите.
- Недостаток на документација, страв од затвор или од депортација.

ГЛАВА 7 ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

7.1 Жртви на трговија со луѓе

Стереотипи во однос на жртвите на трговија со луѓе постојат и секогаш постоеле. Во пркса, жртвите на трговија со луѓе за трудова експлоатација се секогаш со различно потекло или социјален статус. Како еден од факторите кои го предизвикуваат ова кривично дело трговија со луѓе, е сиромаштијата, која придонесува за ранливоста и е еден од основните причинители на подигање и постоење на трговијата со луѓе.

Жртвите на трговија со луѓене се секогаш странци или нелегални, илегални мигранти, која би се случувала во границите на една земја, а луѓето или трговијата со луѓе би се одвивала односно луѓето би биле експлоатирани во нивната земја.

Најчеста форма на на трговија со луѓе се жените, односно истите се купуваат и продаваат за многу недискутабилни теми но обработувани и спомнати во овој труд, но во трговијата со луѓе кулминираат и врбуваат и мажи и деца односно застапена е и трговијата со луѓе со осврт на мажи и најдопирлива тема секако децата.

Жртвата би можела да биде вовлечена во ланецот на трговијата со луѓе од било која страна од личност или поединец во кој верува. Начините на врбување се најразлични форми кои доминираат во општеството, креативни и променливи, меѓутоа имаат една зедничка страна, ветувањето за добра работа, подобар живот и исполнување на соништата. Една од најзастапените формина врбување или влегување во трговијата со луше е интернетот односно социјалната комуникација. Трговците на луѓе најчесто ја злоупотребуваат желбата за подобар живот на жртвата и на тој начин некако имаат предност во целокупниот процес.

Експлоатацијата на жртвата вклучува најразлични форми на насилство, чија основна цел е да се обезбеди контрола врз истите. Ова се овозможува на таков начин, што веднаш по пристигнувањето на жртвата до посакуваната дестинација или цел, им се одземаат документите на истите со наводно објаснување за потребите за наводно договорена работа, со што на овој начин жртвата го губи правото на идентитет.

Истите односно жртвата е во постојан страв од полицијата и од институциите и не сакаат од нив да побарат помош дури и во случаи кога им е и од повеќе потребна, со тоа што трговците на луѓе се во постојана предност, по што им објаснуваат дека од истите не им е потребна билжртвата о каква помош.

Не секогаш, жртвата на трговија на луѓе е изложена на физичко насилство за и во време на експлоатацијата. Честопати контролата врз жртвата е со психолошко насилство. Отсуството на директно физичко насилство е најсилниот аргумент кој се користи во однос на тоа дека жртвата била во доброволна корелција со трговецот со луѓе.

Самите жртви воопшто не размислуват во правец дека е жртва во целата ситуација и не знаат дека можат да побарат помош, и така жртвата на трговија со луше не гледа друга можност освен да му верува на трговецот со луѓе, која ги уверува дека тој е единствената можност или единствениот лик кој може и сака да и помогне и дека полицијата е корумпирана форма на кој жртвата, што следува дека жртвата не се ни обидува да побегне, туку едноставно верува. Така што единственото нешто за кое може да се спомене, односно жртвите на трговија со луѓе можат во кое било време од експлоатацијата да се вратат дома и да престанат да го прават она што почнале да го прават или и сеуште го прават истото.

За Република Северна Македонија, Националниот известувач за борба против трговијата со луѓе, покажува најголема застапеност на сексуалната експлоатација, како и трудовата експлоатација. На жртвите на ваков вид на криминално дело односно трговијата со луѓе, им е обезбедено и стручна помош и осветување, специјализирани прегледи, соодветни лекарства, соодветни лекарства и вклучување на жртвите во образовниот процес, секако истата грижа и третман го добиваат и ѓртвите на трговија на луѓе односно странците или странските државјани , кои се жртви ан трговијата на луѓе и истите се згрижуваат во прифатниот центар за странци во Република Северна Македонија.

За Република Северна Македонија, потребно е зголемување на ресурсите на полицијата и обвинителството за покатвина истрага за трговијата со луѓе, бидејќи Република северна Македонија не во целост ги исполнува минималните стандарди за спречување на трговијата со луѓе, иако се преземаат значителни напори во однос на оваа сфера, за нејзино подобрување во однос на истрагата, гонењето и осудувањето на трговците на трговијата со луѓе.

На криминалното дело трговија со луѓе се во Република Северна Македонија е формиран оперативен тим за идентификација на жртвите на трговија со луѓе, со ел полесно да се препознаат жртвите на трговија со луѓе и да им се помогне во целокупниот процес.

Сепак Владата ги нема исполнео минималните стандарди во неколку клучни области во однос на трговијата со луѓе.

Владата на прави значително помал процент во однос на идентификацијата на жртвата, додека пак, обвинителството за организиран криминал и корупција, има недостаток во однос на ресурсрите за да се справи со сите случи и да овозможи идентификација на жртвата на трговија на луѓе.

Позитивен аспект е тоа што Владата на Република Северна Македонија, го зголеми финансирањето на засолништето на жртвите на трговија на луѓе, меѓутоа Владата не доделила средства за мобилни тимиво кои би биле позитивна страна во однос на идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе секоја следна година. Секако би следиле препораки во однос за засилување на борба против трговијата со луѓе, односно повеќе средства и ресурси за заштита на жртвите на трговија со луѓе како и значителен пораст кога се работи за разговорите и орвореноста на истите, односно жртвата кога би можела да се отвори и да разговара за реалниот проблем односно за она што од амата матична земја заминува и го бара подоброто утре односно подобри услови за да започне иднина во земјата која ја одбира за своја дестинација или крајна цел. Мобилните тимови би поогнале во овој целокупен процес на приближување до самата жртва и со тоа би се овозможило згрижување на истите односно на жртвите да не продолжат да бидат заглавени во самата експлоатација.

Во зависност од тоа дали жртвата на Кривичното дело на трговија со луѓе во постапката пред судот во фазата на главниот претрес се јавува само како сведок, како оштетено лице или кумулативно, како сведок и оштетено лице, а одреден обемот и видот на активностите, кој што може да ги преземе во постапката пред судот. Влијанието односно контролата на делувањето на жртвите, потенцијални сведоци во постапката, се врши како преку интемидација, закана и брутално насилство, така и преку измама и поткуп. Имено преку сервираните или измислени приказни за корумпираната полиција[26], жртвите се заплашуваат и со заканите за кривично гонење затоа што се наоѓаат нелегално на територијта на Република Северна Македонија.

[26] Лица во полициска униформа се појавуваат во барот со цел да се прикаже инволвираноста на полицијата во мрежата на трговијата со луѓе

7.2 Заштита на жртвите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија, постои оддел за заштита од трговија со луѓе, сексуално и родово базирано насилство. Одделот за заштита од трговија со луѓе, сексуално и родово базирано насилство има за основна цел да ги заштити жртвите на трговија со луѓе, како и спроведување на соодветни активности за заштита на истите. Се применуваат мерки и активности се со цел заштита на жртвите на трговија со луѓе и тоа:

- идентификација на жртви на трговија со луѓе
- проценка на потреба за сместување, и
- активности на терен врз основа на пријава.

Исто така ако сте жртва на трговија со луѓе, тогаш имате право на соодветна заштита и тоа:

- закрепнување и рефлексија (односно период на размислувањекој трае најмалку 60 дена, заради укажување заштита и помош во закрепнувањето и ибегнување на влијанието на сторителите на кривичното дело трговија со луѓе),
- соодветно и безбедно сместување на жртвите на трговија со луѓе (секако се врши под безбедносни услови и транспорт кој овозможува сигурен и траен престој на жртвата на трговија со луѓе),
- здраствена заштита (прием во Центарот за жртви, секако претходно нутврдување на ментална и физичка здраствена состојба на жртвите на трговија со луѓе извршен од страна на стручен тим и овозможување соодветни здраствени услуги доколку се потребни на жртвasa на трговија со луѓе),
- правна помош и заштита (вклучува информации, права и обврски во предистражна постапка како и за време на истата со извршени соодветни мерки и процедури за жртвата на трговија со луѓе како и нивно детално информирање за нивната правна рамка во правниот систем),
- психосоцијална помош и поддршка (вклучува разни форми на сесии и третмани со цел континуирано советување за целосно зајакнување на

капацитетите и искористување на потенцијалите со кои се располага со цел секако за заштита на жртвите на трговија о луѓе),

- образование (жртвите на трговија со луѓе имаа исто право и можност за образование како и интеграција за дообразоваие или доградба за формално образование),
- вработување (со наполнување на својата 15 година жртвите на трговијата на луѓе имаа право да се пријават во Агенцијата за вранотување и за соодветно вработување на истите),
- реинтеграција (се подготвува соодветен план кој вклучува долгорочна психосоцијлна за зајакнување на животните вештини на жртвите на трговијата со луѓе), и
- престанок на сместуување и враќање (доколку се овозможат услови лицето или ѓртвата на трговија со луѓе има можност за вракање во централна матичка земја).

Модерното кривично дело или трговија со луѓе, опфаќа стандардни оперативни елементи и процедури за постапување со жртвите и секако начини за да им се обезбеди помош, која подразбира и заштита на жртвите на трговија со луѓе.

Заштита на жртвите на трговија со луѓе преку еден сеопфатен приод, обезбедува мерки за нивна заштита односно е заснован врз човековите права и насочен кон жртвата на трговија со луѓе како и кон институциите и нивните рамки кои имаат форма на режим со цел заштита на жртвите на трговија со луѓе.

Кога ке се споменат стандардните оперативни елементи, се мисли на соодветни ресурси односно на обучен персонал, контакти во институциите или невладините организации кои се потпираат врз истите, секако и постојат во Република северна Македониа, а кога станува збор за странски државјани, владините и невладините организација како и иста реализација во секоја своја држава. Ресурсите, персоналот како и контактите се разгледуваат и идентификуваат постојано, секако и нивно ажурирање за потребите за заштита на жртвите на трговија со чуѓе од страна на Националниот кординатор, Националната комисија за борба против трговија со луѓе, како и од страна на останатите организациони единици при Министерството за внатрешни работи.

Стандардните оперативни процедури се однесуваат на мултисекторски служби, кои имаат за цел да ги поддржат и одржуваат и заштитат жртвите на трговија со луѓе. Наменети се за надлежните органи во рамките на Министреството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, невладините организации. Важно е да се спомене дека надлежните институции и органи кои ги споменав водат база на податоци за жртвите на трговија со луѓе, а Министерството за внатрешни работи водат и чуваат информации за сторителите на кривичните дела на сторителите и делата секако.

Ресурсите се одбираат врз основа на договор и сите мерки се приспособуваат според конкретни договори и потреби на жртвите на трговија со луѓе во секој конкретен случај.

Добро ни е познат процесот на заштита и идентификација на жртвите на трговија со луѓе но накратко ке дадам образложение и објаснување во понатамошниот текст, секако со проследување на претходниот текст.

Покрај стандардните оперативни елементи и постапување со жртвите на трговија со луѓе е и идентификацијата на жртвата на трговија со луѓе чија основна цел е да ги утврди елементите на кривичното дело трговија со луѓе и да овозможи подршка на жртвата да дојде до соодветни служби или органи за помош во њбрз можен рок или период, секако во согласност со жртвата. Подоцна она што следува по идентификацијата на жртвата на трговиа со луѓе е првичното упатување. Што подразбира првичното упатување. Истото ги содржи сите податоци кои се пренесуваат односно се известуваат надлежните односно државните органи за лицето кои се претпоставува дека е жртва на трговија со луѓе и нејзино упатување до соодветниот центар, а доколку се работи за странски државјанин односно странец секако до соодветната институција или центарот за странци.

Веднаш одкога ќе се јави сомнение или основен сомнеж дека некое лице е претпоставена жртва, се упатува до соодветниот надлежен орган, институција или центар. Упатувањето не треба да предизвика дополнителни ризици за животот и здравјето на претпоставената жртва на трговијата на луѓе.

Во најкраток можен рок се даваат првични информации до надлежните органи, преку кои претпоставената жртва на трговијата со луѓе, треба да биде информирана или самата да се информира и да си ја потврди својата сигурност. Со првичниот разговор со кој што се води со жртвата на трговија со луѓе, се добиваат информации за каков бил донмсо на здравјето и сигурноста на претпоставената

жртва, и разговорот треба веднаш да се изврши и да бидат обезбедени основните потреби во процесот на интеграција и понатамошното водење на разговорот со потенцијалната жртва на трговија со луѓе. Разговорот има случаи и кога не треба да се изврши. Кога? Тогаш кога потенцијалната жртва на трговија со луѓе не се чуствува безбедно и и е потребна медицинска помош или доколку има присуство на лице од местото на експлоатација. Разговорот најдобро и најбезбедно е да се изврши во просториите на Министерството за внатрешни работи, секако како една од најбезбедните локации во однос од каков било ризик.

Во случаи кога има потреба од овластен преведувач или да се направи внимателен избор за преведување доколку странката односно потенцијална жртва не зборува на јазикот од земјата е случај кога потенцијалната жртва на трговијата со луѓе не го познаваат основниот јазик.

Подоцна, по земањето на одредени потребни информации или изјави од потенцијалната жртва на трговија со луѓе, се подготвува план за помош од одговорното лице. Се проследуваат информации до жртвата на трговијата со луѓе односно потенцијалот со јасен опис за понудените услови за кои жртвата треба да даде согласност, по што следи период на приспособување и прилагодување.

Жртвата може да поднесе приговор до одговорното лице за случајот или до надлежните органи со забелешки поврзани со понудените услуги и постапки.

Следствен е процесот на донесување на одлука за враќање на потенцијалната жртва на трговија со луѓе до сопствената матична земја или посакуваната дестинација, како и оценување на ризиоците и на можностите за социјалното вклучување со спроведен план за управување со ризикот.

И на крајот се споделуваат информации за жртвата пред заминувањето, помеѓу земјата на потекло и земјата на дестинација, со цел да се овозможи брза и соодветна помош на потенцијалната жртва на трговија со луѓе, по пристигнувањето на соодветната дестинација. И секако на крајот од големо значење е и безбедноста при транспортот, што подрзабира безбедно пристигнување на потенцијалната жртва до посакуваната дестинација односно надлежното лице го овозможува целиот процес за безбеднос пристигнување на потенцијалната жртва на трговија со луѓе до крајната дестинација. Секако со претходно направен план и организација од страна на овластеното лице за да се овозможи услови кои ке ја гарантираат безбедност, како и со постојан контакт до пристигнувањето на потенцијалната жртва на трговија со луѓе до местото или крајната цел која ја одбира потенцијалната жртва. Секако

овластеното лице е од стрна на надлежните институции кои се одбираат од страна на надлежен орган кој изготвува план и произведува основни податоци за потенцијалите и можностите со кои може да се дојде до пречки и ризици при транспортот.

Следејќи го примерот на скоро сите национални законадавства (на земјите на континенатално право) и меѓународните текови во борба против организираниот криминал, Република Северна Македонија, обезбедува заштита на сведокот во постапката преку одредбите во рамките на Законот за кривична постапка и одредбата на Законот за заштита на сведоци[27].

Законот за заштита на сведоци стапи на сила во јануари 2006 година. Во предметите следени од Коалицијата одредбите од истиот немале практична примена.

7.3 Обезбедување правна помош на жртвата

Правото на правна помош на жртвата е од особено значење за истата, кое е потребно уште од самиот почеток да ги знае своите права за да може активно да се вклучи во самата кривична постапка. Жртвата како оштетено лице во постапката може своето право да го остварува преку лице овластено во својата дејност, за да презема процесни дејствија во кривичната постапка, односно како полномошник на самата жртва. Правната помош на жртвата подразбира односно значи да биде потполно информирана за нејзините права и да обезбеди ефективен пристап во самата кривична постапка. Односно во сите набљудувани предмети, во кои шртвата се јавува како оштетено лице во самата постапка истата е застапувана од страна на полномошник.

Правото на правна помош на жртвата во кривична постапка е гарантирано и во Протокол од Палермо, во која стои фокусот на правото на жртвата да биде информирана и да добие правен совет на јазикот на кој соодвестува. Жртвата, било да се јавува како сведок или како оштетена во постапката, има право на бесплатна помош на преведувач, ако не го разбира или зборува јазикот на постапката во која се наоѓа или се води против истата.

Скоро во сите предмети е оставено на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, како странка во постапката, да ја извести оштетената за исходот на пресудата, освен во два предмети во кои е наведено дека за

[27] Службен весник на РСМ 38/05

оштетените пресудата ќе биде објавена на огласна табла. Во однос на пресудите за кои има информации дека бил присутен полномошник, никаде не е наведено дали жртвата ја добила правната помош бесплатно. Во еден предмет е наведено дека полномошникот на оштетената е адвокат од Националниот механизам за упатување на Жртва на трговија со луѓе, што наведува на претпоставува дека самата институција помогнала во заштита на правата на жртвата.

Во нашето национално законодавство, правото на правна помош на жртвите на кривичните дела е регулирано во ЗКП, со што во најголем дел се транспортирани одредбите од директивите кои се однесуваат на жртвите на трговија со луѓе. Во Република Северна Македонија не постои институционилизиран начин на давање на правна помош.

Во сите предмети на трговија со луѓе жртвите биле застапувани од две лица ангажирани од страна на Меѓународната организација за миграции и од адвокадската комора на РСМ[28].

Воедно бидејќи Трговијата со луѓе е во делот на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право, за Жртвите на трговија со луѓе покрај постоечкото право предвидено е правото на жртвата пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен[29].

Вака поставени, овие одредби гарантираат само дека жртвата ќе биде информирана за своите права во кривичната постапка пред да даде исказ и без притоа да се знае пред кој орган се дава исказот и дали жртвата има право на адвокат и во судска постапка. Секако постои правна празнина во оваа одредба кое секако може да доведе до различно толкување на постапката во фаза на постапката во која мора да се обезбеди адвокат (во полиција, пред јавен обвинител ...) како и условеноста на жртвата да добие правна помош само ако учествува како оштетен во постапката.

Останува понатаму со подзаконски акти[30] да се уреди прашањето за начинот на спроведување на индивидуална процена за ранливоста на жртвата и постапката за назначување на адвокат од страна на органот што ја води постапката со надеж дека адвокатот нема да се вклучи многу доцна во постапката.

---

[28] За домашните жртви на трговија со луѓе во рамките на проектните активности во прифатилиштето се обезбедува и давање на правна помош

[29] ЗКП, член 55

[30] 4 Предлог ЗКП 2018, член 54 став 6.

Следејки го примерот на сите национални законодавства и меѓународните текови во борба против организираниот криминал, Република Северна Македонија обезбедува заштита на сведокот во постапката преку одредбите во рамките на Законот за кривична постапка и одредбите на законот за Заштита на сведоци[31].

АНЕКС 1 - ПРЕГЛЕД НА ПРВОСТЕПЕНИ ПРЕСУДИ ДОНЕСЕНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2009 ДО 2019 ГОДИНА

Година на пресуда	Кривично дело	Вид на експлоатација	Број на осудени	Пол на осудени	Етничка припадност на осудени	Вид и висина на казна	Имотно-правно побарување	Пол на жртва	Етничка припадност на жртва
Пресуда КОК 24/10 (ја нема на судски портал)	Трговија на малолетно лице	сексуална	3	машки	Македонци	5 години 4 години и 6 месеци	упатена на граѓански спор	женски	Македонка
Пресуда КОК 14/11 од 28.06.2011	Трговија со луѓе	сексуална	1	женски	Бугарка	2 години	упатена на граѓански спор	женски	странска државјанка
Пресуда КОК 75/12 од 26.12.2012	Трговија со луѓе	сексуална	3	машки	Србин и 2 Албанци	6 години 6 години и 2 месеци 6 години и 4 месеци	не предјавила	женски	странска државјанка
Пресуда КОК 13/13 од 25.09.2013	Трговија со малолетно лице и организирање на група	сексуална	1	машки	Ром	5 години и 6 месеци	не пријавила	женски	Ромка
Пресуда КОК 73/10 25.11.2013	Трговија со дете	сексуална и трудова	5	1 женски 4 машки	Македонка и 4 Албанци	8 години, 4 години 4 години 4 години	400.000 денари	женски	Македонка
Пресуда КОК 14/13 од 24.03.2015	Трговија со малолетно лице	трудова	3	машки	3 Албанци	4 години 4 години 4 години	упатена на граѓански спор	женски	Албанка

[31] Службен весник на РСМ 38/05

Пресуда КОК 38/14 од 30.03.2015	Трговија со луѓе	присилен брак	4	женско и 3 машки	3 Роми и 1 Албанец	условна осуда (2 год казна затвор доколку не изврши к.д во рок од 5 год)	не предјавила	женски	Ромка
Пресуда КОК 53/14 од 21.05.2015 Повторена постапка за првообвинета	Трговија со малолетно лице	сексуална и трудова	1	женски	Македонка	Од 8 години, на 4 години	упатена на граѓански спор	женски	Македонка
Пресуда КОК 18/15 од 28.05.2015	Трговија со дете	сексуална	2	2 женски	2 Роми	11 години и 6 месеци 11 години и 6 месеци	400.000 денари	2 женски	2 Ромки
Пресуда КОК 29/15 од 21.12.2015 (ја нема на судски портал-повторена постапка) – има апелација пресуда	Трговија со малолетно лице	сексуална	1	женски	Албанка	6 години	400.000 денари	2 женски	2 Албанки
Пресуда КОК 20/16 од 17.05.2016	Трговија со луѓе	трудова	1	машки	Македонец	условна осуда (2 год казна затвор доколку не изврши к.д во рок од 5 год)	не предјавиле	2 машки	Македонци

Пресуда 67/15 од 14.12.2017	Трговија со луѓе	сексуална	1	машки	Албанец	условна осуда (2 год казна затвор доколку не изврши к.д во рок од 5 год)	не предјави	женски	странска државјанка
Пресуда 76/14 од 05.11.2018	Трговија со луѓе	сексуална	1	машки	Албанец	условна осуда (2 год казна затвор доколку не изврши к.д во рок од 5 год)	не предјави	3 женски	странски државјанки
Пресуда 45/15 од 28.05.2018	Трговија со луѓе	сексуална	2	машки	2 Албанци	условна осуда (2 год казна затвор доколку не изврши к.д во рок од 5 год)	упатена на граѓански спор	женски	странска државјанка
Пресуда КОК 83/18 од 83/18 од 19.11.2018	Трговија со деге	сексуална	1	женски	Босанка	4 години и 6 месеци	упатена на граѓански спор	1 женско	Албанка
Пресуда КОК 52/18 од 12.09.2018	Трговија со деге	сексуална и присилен брак	3	1 женско 2 машки	Ромка Турчин Турчин	13 години 12 години 12 години	нема податоци	1 женско	Македонка
Пресуда КОК 66/16 од 16.12.2019	Трговија со деге	присилен брак	1	машки	Турчин	7 години	нема податоци		
Пресуда КОК 92/18 од 25.10.2019	Трговија со деге	сексуална	2	женско и машко	Македонци	8 години 10 години	упатена на граѓански спор	1 женско	Албанка
Пресуда КОК VIII 35/15 од 20.03.2019	Трговија со деге	сексуална	1	машки	Македонец	11 години	Не предјавила	1 женско	Македонка

Права на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки[32]

[32] Права на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки- проф. Д-р Гордана Лажетиќ

АНЕКС 2 - ПРЕГЛЕД НА ВТОРОСТЕПЕНИ ПРЕСУДИ ДОНЕСЕНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2009 ДО 2019 ГОДИНА

Година на пресуда	Кривично дело	Вид на експлоатација	Број на осудени	Пол на осудени	Етничка припадност на осудени	Вид и висина на казна	Имотно-правно побарување	Пол на жртва	Етничка припадност на жртва	Статус
Пресуда КОКЖ 5/14 Жалба на осудените	Трговија со дете	сексуална и трудова	5	1 женски 4 машки	Македонка и 4 Албанци	8 години, 4 години	400.000 денари	женски	Македонка	Потврдена првостепена пресуда КОК 73/10
Пресуда КОКЖ 57/11 Жалба на осудената	Трговија со луѓе	сексуална	1	женски	Бугарка	2 години	упатена во парница	женски	Бугарка	Потврдена првостепена пресуда КОК 14/11
Пресуда КОКЖ 34/11 од 20.06.2001 Жалба од осудените	Трговија со малолетно лице	сексуална	3	машки	3 Македонци	5 години 4 год и 6 месеци 4 год и 6 месеци	упатена во парница	женски	Македонка	Потврдена првостепена пресуда КОК 24/10
Пресуда КОКЖ 41/15 Жалба на осудените	Трговија со малолетно лице	трудова	3	машки	3 Албанци	4 години	упатена на граѓански спор	женски	Албанка	Потврдена првостепена пресуда КОК 14/13
Пресуда КОКЖ 10/16 од 18.04.2016 Жалба на осудена и ОЈО	Трговија со малолетно лице	сексуална	1	женско	Албанка	Од 6 години на 8 години	400.000 за остатокот на граѓански спор	2 женски	2 Албанки	Преиначена првостепена пресуда во однос на кривичната санкција КОК 67/12
Пресуда КОКЖ 59/16 Жалба на ОЈО	Трговија со луѓе	трудова	1	машки	Македонец	Од условна осуда во 2 години казна затвор	не предјавиле	машки	Македонец	Преиначена првостепена пресуда во однос на кривичната санкција КОК 20/16
Пресуда КОЖ 68/19 првостепена 83/18 од 19.11.2018	Трговија со дете	сексуална	1	женско	Босанка	Од 4 години и 6 месеци во 8 години казна затвор	упатена на граѓански спор	женски	Албанка	Преиначена првостепена пресуда во однос на кривичната санкција КОК 83/18

Правата на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки[33]

Од погоре прикажаните Анекси може јасно да забележиме дека во најголем дел како жртви на кривичното дело трговија со луѓе се јавуваат женски лица од различна националност, кои најчесто се искористени за трудова и сексуална експлоатација. Од ова може да заклучиме дека трговијата со луѓе е еден облик на тежок криминал бидејќи истиот не препознава нација, вера, раса или било каква дистинкција која би

[33] Права на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки- проф. Д-р Гордана Лажетиќ

и пружила некаква безбедност на потенцијалните жртви. Исто така може да приметиме дека сторителите на ова дело се како од женски така и од машки пол што е показател дека кога станува збор за стекнување со имотна корист преку искористување на трети лица, голем дел од луѓето(криминалци), не покажуваат емпатија према жртвите, односно не размислуваат за последиците кои ке настанат кај жртвата(трауми, нарушување на нормалниот животен тек, и сл.).

Според приказот во Анексите може да забележиме и дека најголем дел од сторителите на ваквиот криминал најчесто се осудени на казна затвор во висина од неколку месеци па до неколку години, во зависност од начинот на кој го сториле, односно учествувале во извршување на делото, како и од бројот на жртвите на ваквото дело. Од се погоре прикажано најмногу загрижува фактот што многу често ова дело се јавува и ги опфаќа и најмалите и најранливите категории – децата како жртви на трговија со луѓе.

7.4 Посебен начин на испитување на сведокот во рамките на кривичната постапка

Во рамките на Законот за кривична постапка имплементирани се одредби кои го регулираат посебниот начин на испитување на сведокот и тоа преку сослушување на сведокот само во присуство на судијата и јавниот обвинител на место кое гарантира заштита на идентитетот или пак преку употреба на телефонска или видеоконференција, како што имам напоменато во самиот труд за видеоконференцијата остварена во основниод суд во Тетово[34].

Исто така Законот овозможува сведокот да го ускрати изнесувањето на личните податоци, ако постои веројатност дека со давање исказ или одговор на определено прашање би се изложил себеси или свое блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет.

Во текот на набљудувањето не е забележан случај на ускратување на изнесување на податоци од страна на сведокот во постапката[35], што не наведува на заклучок дека или не постоела сериозна опасност по животот, здравјето или

[34] Предметот по одлагање усште не е пресуден во првостепена постапка

[35] Само во еден предмет жртвата сведок одбила да даде податоци за местото на живеалиште во матичната земја, меѓутоа истото не е во ситуација покриена во согласност со член.223-а. Притоа постапката продолжила без да се инсистира на одговор.

физичкиот интегритет на сведокот или сведокот не е информиран за правото да го ускрати изнесувањето на личните податоци.

Можноста за испитување на сведокот во просторијата различна од судницата само во присуство на судијата и јавниот обвинител нема сеуште практична примена. Причините се бараат како во практична насока на постоење на опасност за злоупотреба на правата на обвинетото лице во постапката[36] така и во проблемот на недоволна законска разработеност на начинот на кој што иситувањето ќе се изврши. Советот во исклучителни ситуации може да одлучи да го отстрани привремено обвинетиот од судницата доколку жртвата сведок одбива да даде исказ во негово присуство, или, пак околностите укажуваат дека во негово присуство нема да ја зборува вистината.

7.5 ПРЕДИЗВИЦИ И ДОБРИ ПРАКТИКИ

Трговијата со луѓе е сложена појава, неделиво поврзана со процесите на работните текови, глобализацијата и емиграцијата. Самиот по себе, одговор на кривичното правосудство односно кривичното гонење би бил недоволен. Сеопфатниот пристап кон трговијата со луѓе бара координираност со другите полиња, имено со човековите права, трудовото право и емиграцијата.

Со цел борба против трговијата со луѓе , мора да ја препознаеме специфичната низа на предизвици и пречки со која се соочува секоја група релевантни актери како и пронаогање на вистинскиот причинител за тоа, во која се наидува на бариери со којшто се соочени самите актери во дознавањето и спроведувањето на своите права.

Во овој оддел се мисли на делот на бобра против трговијата со луѓе, се дава низа на јасен преглед на предизвиците со кои се соочени државните органи, невладините организации како и синдикатите. Со цел да се прекине кругот на трафикувани жртви односно лица и да се оди кон директна односно краткотрајна асистенција на жртвите се воведува програма таканаречена реинтеграција на жртвите која финансиски подржува седум земји на Блаканот од која секако се пронаоѓа бенифитот која истата го дава.

[36] Пред се правото на обвинетиотда ги испита сведоците кои што го товарат.

7.5.1 Предизвици со кои се соочуваат државните органи

Владите имаат одговорност да ги заштитуваат работниците и да ги спроведуваат правата на работното место. Таквите права се обично изнесени во домашното право. Исто така, владите имаат низа меѓународни обврски. Според Протоколот на ОН за трговија со луѓе, државите се обврзани кривично да ги гонат нелегалните трговци со луѓе и да размислат за имплементирање одредби за поддршка и услуги за жртвите. Права и основните слободи, државите имаат позитивна обврска кривично да ги гонат случаите на ропство, принудна работа и слугување. Каде што е соодветно, согласно Советот на ЕУ за дозволата за престој издадена на државјани на трети земји кои се жртви на трговија со луѓе и Конвенцијата за акција против трговија со луѓе, од државите се бара да усвојат мерки неопходни за пружање помош на жртвите при нивното физичко, психолошко и општествено закрепнување, како што е обезбедувањето период за закрепнување и размислување. И покрај ова мноштво од обврски, државите се сретнаа со повторени тешкотии во идентификување на жртвите од трудовата трговија со луѓе, обезбедувајќи ги со потребните услуги и помош и кривично гонејќи ги нелегалните трговци со луѓе.

Неуспешно идентификување жртви поради ограниченият став во врска со тоа што ја сочинува трговија со луѓе, владините актери честопати не успеаваат да ги препознаат експлоатираните работници како жртви на трговија со луѓе. Правните дефиниции на трговија со луѓе можат да не успеат да ја опфатат трудовата трговија со луѓе. Сликите во медиумите постојано пласираат стереотип на жртвите на трговија со луѓе како жени и девојки вмешани во сексуална трговија. Загриженоста во врска со нелегалните доселеници поттикнува став за непријавените емигранти како прекршувачи на законот отколку како жртви. На пример, пред да се донесе новиот закон со којшто се прогласува за противзаконска трудовата трговија со луѓе во Германија, истражувачите известија за тоа дека жртвитене биле перцепирани како жртви на трговија туку само како престапници на Законот за странци и на законот за работни дозволи.[37]

---

[37] 79 Norbert Cyrus & Dita Vogel, Social Working of Criminal Law on Trafficking and Smuggling in Human Beings in Germany, in Immigration and criminal law in the European Union: The legal measures and social consequences of criminal law in member states on trafficking and smuggling in human beings, Martinus Nijhoff, 2006, на стр. 6

Толкувачите на Протоколот за трговија со луѓе кои се концентрираат врз процесот на доведување на некое лице во состојба на експлоатација, повеќе отколку врз крајната принудна експлоатација со којашто се соочени, по својата природа се полни со грешки и ограничени. Од гледната точка на човековите права, не постои причина за правење разлика меѓу принудната работа и услугите кои опфаќаат нелегални емигранти, криумчарени лица или жртви на трговија со луѓе.[38]

Кога експлоатираните работници емигранти не се препознаваат како жртви на трговија со луѓе, тие можат да ги загубат дозволите за работа и престој или да бидат уапсени за прекршување на законите за доселеништво или да бидат депортирани. Ова е особено вистина доколку одговорноста за откривањето и спроведувањето на трговијата со луѓе лежи во органите за доселеништво повеќе отколку во органите на кривичното правосудство. Дури и таму каде што владата ги препознава емигрантите како жртви, можеби нема да има волја да изврши политика на недепортирање поради страв о.д поттикнување на емиграцијата.

7.5.2 Недостаток од обезбедувачи на социјални услуги

Бидејќи речиси сите жртви на трговија со луѓе се далеку од дома, тие имаат потреба од голема лепеза односно потреба од социјални услуги и поддршка како и медицинска заштита, сместување, превоз, толкувачи, советување и правни совети. Сепак, во повеќето земји, многу малку услуги се наменети за жртвите на трговија со луѓе. Онаму каде што постојат такви услуги, тие се обично направени за жртвите на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација. Во Обединетото Кралство, на пример, постои само едно засолниште финансирано од владата за жртвите на трговија со луѓе и тоа е само за жени коишто биле жртви на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација. Слично на ова, во Израел единственото засолниште е ограничено на жртви на трговија со луѓе во секс индустријата. Обвинителите во Италија го нагласија општиот кусок од капацитети за сместување на мажите емигранти. Во Република Северна Македонија е дискутабилен индивидуален третман и нега. Иако владее мислење дека жртвите на трговијата со луѓе имаат заеднички карактеристики и делат слични искуства, организациите треба да ја осознаат и почитуваат уникатноста на жртвите и треба да се трудат, колку што е

[38] 82 Report of the Expert Group on Trafficking in Human Beings, European Commission, December 2004, на стр. 53.

можно повеќе, да пружаат индивидуализирана нега и помош. Во текот на процесот на давање на помош, персоналот треба да се стреми да обезбеди најсоодветна можна заштита, помош и поддршка, онаква каква одговара на потребите и околностите во кои се наоѓа дадената.

7.5.3 Неможност за спроведување на статутарните заштитни мерки на работните места

Во многу земји, трудовата инспекција е ограничена или непостоечка. Во практика, овој дел е дури и помал, ако не и целосно непостоечки. Во Алмерија, Шпанија, на пример, има шест трудови инспектори за целата провинција.[39] Дури и онаму каде што има редовни посети на работните места, инспекторите можеби не го говорат вистинскиот јазик за да комуницираат со работниците или можеби на работниците не им се дава можност да зборуваат на само со инспекторот.

Во практика се многу малку судски гонења на трудовите нелегални трговци со луѓе. Според Министерството за надворешни работи на САД, од 3.427 осуди за трговија со луѓе глобално во 2007 година, само 326 биле за работнички случаи.[40] Во Германија, на пример, имало 454 истраги на сексуална трговија со луѓе во 2007 година.[41] Истата година, имало само 92 истраги на трговија со луѓе заради економска експлоатација. Слични разлики постојат во Холандија и во Белгија. Понатаму, во голем број држави учеснички, и покрај пренесувањето на меѓународните правни инструменти со коишто се предвидува трговија со луѓе заради трудова експлоатација немало ниту едно успешно судско гонење во оваа област. Судските гонења се тешки затоа што честопати бараат сведочење на сведоци и работниците можат да бидат премногу плашливи да соработуваат со органите за спроведување на законот, можеби не се во состојба да ги идентификуваат работодавачите или да обезбедат доволно докази за да утврдат кривични прекршувања, или едноставно можеби не се во можност да сведочат бидејќи биле депортирани.

7.5.4 Недостаток од координираност за спроведување на работничките права

---

[39] 84 Ten Ways to Protect Undocumented Workers, PICUM, 2005, на стр. 92.
[40] ТИП Извештај 2008.
[41] 86 Human Trafficking: National Situation Report (Bundeskriminalamt 2007)

Различни државни органи се задолжени за спроведување на работничките закони, управување со емиграцијата и истражување и судење на кривични случаи. Исто така може да постои и посебен орган задолжен за рурални прашања. Недостатокот од координираност меѓу овие органи може да доведе до несоодветна заштита на работничките права. На пример, еден извештај на парламентарната комисија на Обединетото Кралство откри дека немало координиран владин одговор на широко објавуваните злоупотреби поврзани со криминалниот систем. Се откри дека меѓу-одделската иницијатива позната како Операција гангмастер е несоодветна, недоволно финансирана и малку повеќе од општ термин за неколку локални операции на спроведување.[42] Во Холандија, Националниот известувач откри дека било особено тешко да се откријат знаци на трговија со луѓе затоа што секоја (посебна) истражна служба има специфична функција и соодветни овластувања. Инспекторите обично не поставуваат прашања во однос на работните часови, платите или сместувањето.

Предизвици со кои се соочуваат невладините организации и синдикатите имаат јасна улога во борбата против ТЛ. Тие можат да водат кампањи за поддршка, да помагаат при правното застапување пред трибуналите за вработувања, да ја подигаат свеста на работниците за нивните права, да лобираат и организираат за подобри услови за работа и да ги обезбедуваат неопходните услуги како што се советувањето, засолништето, часовите по јазик, медицинската грижа и обуките за работа и упатувања. Синдикатите, исто така, можат да користат колективни преговори за да постигнат подобри стандарди за цели сектори. Сепак, синдикатите исто така наидуваат на специфични пречки односно недостаток од пристап исто како што работниците можат да бидат спречени да досегнат до услугите, синдикатите имаат тешкотија да патуваат до далечните работни места. Синдикатите треба да бидат во состојба да комуницираат со работниците на нивните јазици и да користат непишани форми на комуникација. На пример, Заводот за граѓанско советување (Обединето Кралство) опишува значителен пораст на испитувањата на португалските работници, значајно влијаејќи врз веќе раширената услуга. Особено, прилично е тешко да може да се најдат преведувачи кои се во состојба да ги понудат своите услуги бесплатно или по ограничена цена.[43] Недостаток од ресурси на

[42] 88 Gangmasters: Fourteenth Report of Session 2002-2003, House of Commons, Environment, Food and Rural Affairs Committee, September 2003, на стр. 16-17

[43] 91 Меморандум поднесен од Заводот за граѓанско советување, Селектираниот комитет за храна и рурални прашања, Парламент на Обединетото Кралство, 25 април 2003 (Citizens Advice Memorandum)

жртвите од трговија со луѓе типично им треба засолниште, медицинска грижа и психолошка помош, правен совет, финансиска помош и обука за работа. Синдикатите можеби не се опремени за обезбедување сеопфатни услуги коишто им се потребни на жртвите. Има многу малку адвокати коишто се подготвени да земат случаи врз основа (бесплатно), така што пристапот до трибуналите за вработувања или судовите е ефективно ускратен.

7.6 Добри практики

И покрај погоре разгледаните предизвици, голем борј владини и невладини актери нашле иновативни начини да им помагаат на земјоделските работници, и на оние коишто биле жртви на трговија со луѓе и на оние коишто се ранливи на трговија со луѓе. Во Анекс 3 се содржат голем број примери за добри практики. Овде, тие се на кратко резимирани. Теренска активност ширум регионот на ОБСЕ имаат развиено иновативни начини за да досегнат до емигрантите. Имаат формирано групи за поддршка, промовирано кампањи за подигнување на јавната свест и организирано штрајкови или прекини на работата. Во некои случаи тие ги имаат застапувано работниците пред трибуналите за вработувања или директно преговарале со работодавачите за да добијат подобри услови за работа и повисоки плати. Организирање во работнички синдикати. Со цел да се обезбедат совети и помош на работниците емигранти, синдикатите отворија информативни центри, објавија двојазични или повеќејазични брошури и промовираа веб сајтови. Во некои случаи синдикатите се посебно воспоставени за работниците емигранти или синдикатите влегле во билатерални реципрочни договори.

7.6.1 Спроведување на работничките закони

Спроведувањето на трудовото право е подобрено со донесувањето на новите работнички закони, подобрена соработка меѓу различните органи за спроведување или комбинирање на органите за спроведување на законот во еден орган и донесување одлука за спроведување на законите без оглед на тоа дали работникот е пријавен или непријавен. Во некои земји, полицијата и трудовите инспектори редовно преземаат заеднички инспекции на работното место.

Голем број држави учеснички во ОБСЕ имаат усвоено законодавства со коишто на жртвите на трговија со луѓе им се дозволува да останат во земјата, било во кус временски рок или на подолго. Холандија и Белгија дозволуваат и почетен период за размислување и период на подолг престој зависно од соработката со органите задолжени за спроведување на законот. Овие дозволи за престој се поврзани со разновидни мерки за помош и служби за поддршка. Во Италија, лицата жртви на трговија со луѓе коишто не се италијански државјани имаат право на времен престој согласно член 18 од Законодавниот указ Бр. 286/1998. Издавањето на дозволата од член 18 не е поврзано со подготвеноста за поднесување формална тужба против нелегалниот трговец со луѓе. Всушност, тоа е условено од обврската за учествување во програмата за социјална помош и реинтеграција. Во Соединетите американски држави, на поединците коишто државата ги признава за жртви на сериозен облик се дозволува одложување на отстранувањето (познато како продолжено присуство, коешто е дозвола за привремен престој). Доколку соработуваат со разумни барања за помош од страна на органите задолжени за спроведување на законот, им се издава тригодишна виза со можност за продолжување наречена Т виза. На крајот од тој период, тие можат да се пријават за статус на постојан престој.

7.7 Судско гонење на нелегалните трговци со луѓе

Голем број земји, вклучувајќи ги Белгија, Холандија, Ирска и Соединетите американски држави, донесоа законодавства со коишто се прогласува за противзаконска принудната работа и/или трудовата трговија со луѓе. Други земји, како на пример Италија, се потпираат врз постари одредби со коишто се забранува ропството. Во последно време имаше извесни успеси со случаи на земјоделска трговија со луѓе.

ЗАКЛУЧОК

Корупцијата во Република Северна Македонија, реално постои, како кај нас така и на Западен Балкан. Републиката е рангирана како една од петте најголеми проблеми во државата, веднаш по невработеноста, сиромаштијата, ниските приходи и високите цени. Во Република Северна Македонија постои високо ниво на свесност за постоење на корупцијата, и за мнозинството од населението воопшто не е прифатлив ниту еден облик на корупција. А од нивото на свесноста на граѓаните зависат и ставовите кои можат да се врстат како еден од поглавните, и тоа, прифатливоста, подложноста и практичната ефикасност. Како најголем корупциски проблем, кој повлекува низа извештаи и истражување, се подвлекува дека е сконцентриран во подмитувањето, како облик на корупција. Проблемите со корупцијата, се поврзуваат со одредени околности кои се карактеристични само за нашето поднебје. Слабеењето на ефикасноста во откривање на кривичните дела е еден сегмент што го потиснување трвдењето, без создадени ефикасни мерки за нејзино потиснување. Корупцијата се смета како перманентна потреба, и е свртена

кон елиминирање на причините кој ја генерираат нејзината појава кон брзо разоткривање на нејзините појавни форми и уште поефикасно постапува на организациските единици во Министерството за нејзино санкционирање.

Високо на агендата на Република Северна Македонија, е реформата за безбедносниот фактор, елиминирањето на заканите од тероризмот, борба против организираниот криминал и корупција, како и нашава тема на истражување, односно борба против криумчарење и трговија со луѓе.

Република Северна Македонија, активно е посветена на зајакнување и борба против организираниот криминал и тероризмот, што всушност е една од приоритетните цели за кредибилна перспектива. Со јакнење на приоритетните цели и координативните структури за борба против тероризмот и насилниот ектремизам, обезбедуваме структура која обезбедува подршка и континуирано ја следи и анализира состојбата со насилниот екстремизам, радикализацијата и борба против организираниот криминал. Ефикасната борба против организииранот криминал и корупција што е еден од приоритетите на нашата земја утврдени во Стратегијата, ја наметнува потребата од постојано зајакнување и унапредување на механизмите за борба против организираниот криминал, ослободени од политичките влијанија и притисоци.

Самите дефиниции укажуваат на тоа дека корупцијата и организииранот криминал бараат постојано јакнење на капацитетите на човечките ресурси, така и во опрема. Ова практично се повлекува и низ изложените дефинирани предизвици во трудот погоре. Истите не се предизвици само за Македонското Министерство за внатрешни работи, туку речиси без исклучок за секоја држава. За да се реалзираат предизвиците, клучна е соработката меѓу институциите како во рамки на државата, така и на ниво на држави. Ова пак води кон заклучок, дека Република Северна Македонија има обврска во делот на нормативата постојано да ги следи меѓународните норми, односно нормите на евро-атланските организации кон кои и се стреми. Притоа истите треба да се преточат во македонското законодавство, а овој процес да се одвива навремено и доследно. Може да се констатира, дека во земјава се следат меѓународните стандарди, говори и фактот дека минатата година беше донесен и нов Закон за внатрешни работи, но поради приспособување во рамки на Министерството е предвидена и одложена примената за Март истата година.

Република Северна Македонија, како резултат на својата географска поставеност, не е имуна на масовниот прилив на бегалци кон Европа. Се почесто

нашата држава се јавува на листата на транзит, низ која регрутираат бегалци со цел да стигнат до својата крајна посакувана дестинација. Поради ваквиот однос, во Република Северна Македонија криминалните групи се здобиваат со поголем профит од криумчарење мигранти, отколку со трговија со луѓе. Земјава, нуди на бегалците организиран превоз, од нашата јужна државна граница до северната државна граница, а се со цел да бидат избегнати манипулации од страна на бегалците и истите безбедно да го поминат транзитот низ нашата држава. Ваквите мерки на нашата држава вродија плод и бројот на случаи на криумчарење мигранти, по воведување на мерките, опадна, но за жал не е искореното во целост.

Она што е од особено значање за нашата предметна цел, е фактот кој не треба да се избегне односно постои потреба од именување, е тоа, дека, постои значаен напредок во поглед на уредувањето на нациноналното законодавство, со цел водење успешна борба против илегалната миграција, а пред се против криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Како резултат на овој напредок се спроведува кривичното дело во однос на овие проблематики или кривично дело криумчарење мигранти, и, кривичното дело трговија со луѓе во Република Северна Македонија, како и нивно дефинирање, изложено во претходните излагања на трудот.

Во однос на напредокот, потребно е надополнување, односно, напорно вложување и работа на ова проблематика. Покрај тоа што имаме добри законски одредби во однос на илегалната миграција, потребно е да се донесат дополнителни акти кои би биле во функција на тоа да ги направат законските одредби оперативни и полесно применливи во практика. Исто така зајакнување на координирањето, во однос на меѓународната соработка помеѓу органите кои се надлежни за спроведување на законските одредби, (мое гледиште од аспект на согледување, анализи и дефинирање на трудот во однос на проблемтикава која ја анализиравме). Би било од исклучителна важност да се напомене и напредокот на современата технологија и техника, и опремување на надлежните институции со соодветна опрема, која ни придонела за полесно откривање и сузбивање и спречување на илегалната миграција и криумчарењето мигранти.

Според податоците и случаите на трговија со луѓе во Република Северна Македонија во изминатите 3 до 4 години драстично е променета сликата за овој вид на организиран криминал. Почнувајќи од националниот состав, возраста, видот на експлоатација како и до начинот на извршување на кривичното дело значително е изместена ситуацијата со која беше соочена Република Северна Македонија на

крајот на 90-тите и почетокот на 21 век. Во 9 од 10 случаи на трговија со луѓе во 2008 жртви се малолетни лица државјани на Република Северна Македонија. Трудовата експлоатација полека ја заменува сексуалната или одат во комбинација. На органите на прогон им се дадени усовршени алатки за борба против овој вид на организиран криминал. Подобрена е легислативата, зголемена е соработката на линија МВР односно Министерството за внатрешни работисо другите потребни институции, олеснета е меѓународната комуникација со странските служби, се санкционира корупцијата на службените лица поврзани со делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Потребна е проактивна улога на инспекциските служби во насока на обука за идентификација и препознавање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација.

Условите во однос на формата и содржината на барањата може значително да се разликуваат во зависност од законите на замолената земја и важечките договори за меѓусебна правна помош во конкретни случаи, тие би можеле да бидат помали или поголеми отколку што е назначено. Кога постои сомнеж, на службените лица кои ги подготвуваат барањата за меѓународна правна помош им се советува да стапат во контакт со централниот орган на замолената земја заради подетални информации.

Целокупната национална номенглатура, вклучена во борба против трговијата со луѓе и криумчарење мигранти, изразува волја, прогресивните придобивки да се институционализираат и секако да се надградуваат. Кобинирањето на квалитативни и квантитативни индикатори кај повеќе домени, сепак може да се укаже на стратешки трендови, добивки или загуби, со што се стекнува чувство за општата насока и ефект. Критички, проценката на стратешкиот напредок и влијанието мора да биде робусна, но истовремено да преставува релативно едноставен и спроводлив процес. Се ова може да даде вкупна слика за опсегот на преземени зафати и влијанието од истите, при што метриката и индикаторите се прикажуваат во различни компоненти, целни за нашава тема и проблематика, во однос на нејзино напредување и развивање.

На почетокот веќе истакнав дека определувањето на една наука е нераскинливо поврзана со определувањето на предметната содржина на односната наука. Генерално, можеме да ги сублимираме многубројните обиди за дефинирање на поимите криумчарење и трговија со луѓе во два основни пристапи, односно

потесните и пошироките пристапи за дефинирање на нивните предметни, истражувани и дефинирани поими.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Камбовски В., Меѓународно казнено право, просветно дело, Скопје 1998 година
- Арнаудовски Љ. Криминологија, Штип 2007 година
- Трговија со луѓе и криумчарење мигранти, UNODC, февруари, 2014 година
- Кривичен Законик, Службен весник на Република Македонија, број 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2005, 81/2005, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 41/2014, 160/2014, 226/2015, 83/2019
- Криумчарење на мигранти и трговија со луѓе, центар за обука при МВР, 2016 година

- Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, влада на Република Македонија, Скопје, Март 2006 година
- Национален акционен план за борба против организираниот криминал и илегалната миграција, Скопје, Март, 2006 година
- Проценка на закани од сериозен и организиран криминал, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Скопје, 2016 година
- Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2017-2027 година
- Министерство за труд и социјална политика, Влада на Република Македонија, Скопје, 2017 година
- Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти – Упатства за Меѓународна соработка, Канцеларија на ОН за дроги и криминал, 2010 година
- Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, Википедија, слободна енциклопедија
- Закон за гранична контрола, службен весник на Република Македонија,
- Закон за кривична постапка, Службен весник на Република македонија
- Закон за странците, Службен весник на Република Македонија
- Закон за ратификација на конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, Службен весник на Република Македонија
- Годишен извештај за 2013, 2014, 2015, 2016 година Национална комисија за брба против трговијата со луѓе и илегална миграција, Влада на Република Македонија
- Прирачник за рано откривање на случаеви на трговијата со луѓе, Национална комисија, Скопје, 2010 година
- Меѓународна организација за миграции, Мисија, Скопје, 2010 година
- Официјална web страна на Министерство за внатрешни работи, Република Северна Македонија
- Прирачник за стратегија против организиран криминал, Виена, 2021 година
- Владо Камбовски, Организиран криминал, 2005
- Владо Камбовски и Петар Наумовски, Корупцијата најголемото општествено зло и закана за правната држава, Скопје, 2002

- Елизабета Илиева, Иницијатива за соработка на земјите од Југоисточна Европа-СЕКИ, Судска ревија, бр-2, Септември
- Лилјана Ингилизова-Ристова, Конвенција на ОН против транснационалниот организиран криминал и казната конфискација на имотот, Судиска ревија, 2002, бр.4
- Михајло Маневски, Корупцијата во РСМ, превентивни и казнени мерки за спречување, Скопје 2005
- U.S Department of State, Trafficking in Persons Report, June 2004
- U.S Department of State, Trafficking in Persons Report, June 2005
- Migration Connected With trafficking in women and prostitution, an overview htpp/wwwgermanlawjournal.com/
- Forum on crime and society, UNODC,volume 3, nembers1 and 2, December 2003
- Владо Камбовски, Казнено правна реформа пред предизвиците на XX1 век, Скопје, 2002